РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 01-507/4
20.08.2025 год.
ВЕЛЕС

*СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес
во учебната 2024/2025 година

**Август, 2025 година**

| **СОДРЖИНА** | **Страна** |
|---|---|
| Вовед | 4 |
| Стручно-педагошка екипираност на училиштето со кадар | 5 |
| Планирање и програмирање на наставата | 5 |
| Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа | 5 |
| Преглед на учениците при запишувањето во прва година | 6 |
| Преглед на учениците и паралелките по струки и гимназиско образование на крајот од учебната година | 6 |
| Наставен кадар | 6 |
| Преглед на стручен кадар | 7 |
| Раководен кадар | 7 |
| Други вработени | 7 |
| Настава – видови настава | 8 |
| Работа на учениците со ПОП | 9 |
| Преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови | 9 |
| Преглед на успехот на учениците постигнат на матура | 11 |
| Учество  на конкурси и натпревари | 12 |
| Преглед на општиот успех на учениците на крајот од наставната 2024/2025 година | 19 |
| Преглед на изостаноците на учениците | 19 |
| Учество во проекти | 20 |
| Јавна и културна дејност на училиштето | 22 |
| Активности за одбележување на Патронатот на училиштето | 25 |
| Професионален развој на кадарот | 27 |
| Работа на стручните органи и тела во училиштето | 29 |
| Соработка со стручни лица и институции | 30 |
| Едукација на ученици преку работилници | 32 |
| Сознанија за инкорпорирање на Мисијата во тековната година | 36 |
| Проекција за Визијата за тековната година | 36 |
| Подрачја на промени и приоритети | 36 |
| План за евалуација | 37 |
| | |

| **Прилози** | |
|---|---|
| Извештај за работата на директорот | |
| Извешта за работата на педагогот | |
| Извештај за работата на психологот | |
| Извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор | |
| Извештај за работата на  Училишен инклузивниот тим | |
| Извештај за работата на библиотекар | |
| Извештај за работата на Наставничкиот совет | |
| Извештај за работата на Училишниот одбор | |
| Извештај за работата на Советот на родители | |
| Извештај за работата на  стручните активи | |
| Ранг листи на класовите по успех и редовност | |
| Успех постигнат по наставни предмети на ниво на генерација | |
| Извештај за работата на Училишната заедница | |
| Извештај за работата на ЕКО одборот | |
| Извештај за реализирани екскурзии | |

**Вовед**

Годишниот извештај за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес е изработен согласно Законот за средно образование, Статутот на училиштето, како и Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година.
Целта и задачите на годишниот извештај е да се проследат материјално-техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

Воспитно – образовниот процес во училиштето во учебната 2024/2025 година се реализираше согласно календарот за организација на работата во училиштата во учебната 2024/2025 година и според „*Годишната програма за работа на училиштето*“, во согласност со наставните планови и програми за гимназиското образование.

Согласно методско – педагошките барања за квалитетно реализирање на програмите по секој наставен предмет изработени се глобални планирања со користење на дигитални алатки. Во текот на наставната година, согласно со „*Годишната програма“* се изготвуваат и тематски планирања од страна на сите предметни наставници со примена на современа образовна технологија. Со континуирано изработување на дневни планирања на учениците им се овозможува континуирано следење и усвојување на содржините планирани од секој наставен предмет. Наставниците редовно ги следат ученичките знаења и напредувања во наставата и објективно ги оценуваат.

Со *„Развојното планирање*“ предвидени се повеќе стратешки цели, развојни цели и конкретни цели чија реализација директно зависи од реализацијата на активностите.

Како најдобро одбележување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес од реализираните активности е тоа што е Најдобро средно училиште од областа на училишниот спорт. Професорот по Спорт и спортски активности, Зоран Јованов е најуспешен спортски педагог за 2024 година, професрот по англиски јазик, Христина Леова е најдобар просветен работник во средно образование на ниво на општина Велес и ученикот Кристијан Мартинов е најдобар ученик во средно образование на ниво на општина Велес.

Нашето училиште се здоби и со бројни награди постигнати на општинско, регионално и државно ниво, признанија, диполми и пофалници. Се реализираа и голем број на хуманитарни акции, работилници, проектни активности, спортски подвизи и театарски претстави. Гимназијата, учебната 2024/2025 година ја одбележа како година на творечки порив и креативна енергија.

## Стручно педагошка опременост на училиштето со кадар

За остварување на целите и задачите на севкупната дејност на училиштето ангажирани се: директор, стручни соработници: педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар, наставници, секретар – благајник, ноќен чувар и хигиеничари. Сите вработени имаат соодветна стручна подготовка.

Воспитно – образовната дејност ја реализираа 40 наставника, од кои 6 наставника дополнуваа часови од друго училиште. Целокупниот наставен кадар има соодветно високо образование, еден доктор на науки и еден магистер.

## Планирање и програмирање на наставата

Ова подрачје се реализира според педагошките стандарди утврдени во наставните планови и програми за гимназиско образование донесени од Министерството за образование и наука на Р.С. Македонија.

## Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа

За успешна реализација на учебната година, превземени се сите мерки и активности за задоволување на хигиено-техничките услови за работа и престој во училиштето на учениците и на вработените. Во текот на учебната година набавени се 1 интерактивна мобилна голема табла со држач, 1 интеркативен панел, 1 фотокопир, 1 климатизер за во наставничка канцеларија, принтер во боја, архивски плакари, набавена е апартура за изведување на експерименти од обласга на природните науки и општ алат за техничка употреба.

.

## Преглед на учениците при запишувањето во I година во учебната 2024/2025 година

**Табела бр.1**

| Бр. | С т р у к а Гимназиска насока | Времетраење на образованието | Успех од основното училиште | | | | Повторувачи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одличен | Многу добар | Добар | Доволен | | |
| | | Четиригодишно | 73 | 6 | | | | 79 |

## Преглед на учениците и паралелките по струки и гимназиско образование на крајот од учебната 2024/2025 година

**Табела бр. 2**

| Струка | Гимназиска насока | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Податоци за учениците на крајот од учебната година | Запишани ученици на македонски наставен јазик | | | | | Запишани ученици на албански наставен јазик | | | |
| | Година | Парал. | полова структура | | Вкупно | полова структура | | Вкупно | Σ |
| | | | М | Ж | | М | Ж | | |
| | I | 4 | 15 | 31 | 46 | 8 | 23 | 31 | 77 |
| | II | 5 | 38 | 50 | 88 | 5 | 17 | 22 | 110 |
| | III | 5 | 27 | 38 | 65 | 5 | 11 | 16 | 81 |
| | IV | 5 | 45 | 58 | 103 | 7 | 7 | 14 | 117 |
| | Вкупно | 19 | 125 | 177 | 302 | 25 | 58 | 83 | 385 |

## Наставен кадар

**Табела бр. 3**

| Наставен Јазик | Степен на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Д-р** | **М-р** | **VII-1** | **VI** | **IV** |
| Македонски | **1** | **1** | **36** | | |
| Албански | | | **4** | | |
| **Вкупно** | **1** | **1** | **40** | | |

## Преглед на стручен кадар

**Табела бр. 4**

| Профил | Степен на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Д-р.** | **М-р** | **VII-1** | **VI** | **IV** |
| Педагог | | | **1** | | |
| Психолог | | | **1** | | |
| Специјален едукатор и рехабилитатор | | | **1** | | |
| Секретар-благајник | | | **/** | **1** | |
| Книговодител | | | | **1** | |
| Библиотекар | | | **1** | **/** | |
| **Вкупно** | | | **4** | **2** | |

## Раководен кадар

**Табела бр. 5**

| Функција | Завршено образование | | | Работен стаж | Работно искуство на оваа работна обврска |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Д-р** | **М-р** | **VII** | | |
| Директор | / | / | 1 | 14 год и 8 месеци | 2 год и 11 месеци |
| | | | | | |

## Други вработени

**Табела бр.6**

| Технички персонал | Вкупно |
|---|---|
| **хигиеничари** | 7 |
| **хаусмајстор** | 1 |
| **ноќен чувар** | 1 |

## 1. Настава - видови настава

Во училиштето се реализираше редовна настава од гимназиско образование во три наставни подрачја со по две комбинации ***јазично – уметничко подрачје, комбинации А и Б, општествено – хуманистичко подрачје, комбинации А и Б, природно – математичко подрачје, комбинации А и Б.***

Наставниот план е структуриран од четири организациско – содржински компоненти: ***задолжителни предмети, изборни предмети, задолжителни изборни програми и проектни активности***. Реализацијата на програмите за работа во сите стручни активи се одвиваше според предвидената динамика и планираните содржини и во согласност со наставните програми. Наставните планови и програми се реализираа со примена на современа образовна технологија.

Вреднувањето и оценувањето на учениците се вршеше континуирано во текот на учебната година според утврдени критериуми и стандарди за оценување и во согласност со „Правилникот за оценување“. Во рамките на наставата редовно се вршеше проверување и вреднување на знаењата на учениците преку примена на формативно и сумативно оценување и примена на разновидни инструменти и постапки при усното и писмено оценување.

За учениците кои имаа потешкотии во совладувањето на дел од наставните содржини по одредени наставни предмети се реализираа дополнителни индивидуални консултации. На крајот од учебната година беше организирана и дополнителна настава за учениците кои имаа по две слаби оцени по одредени предмети. По реализацијата на дополнителната/продолжителна настава, учениците полагаа поправен испит и добија позитивна оцена.

За учениците кои сакаа да ги прошират своите знаења од одделни наставни предмети се реализираше додатна настава и се вршеа индивидуални консултации.

За учениците од завршната генерација беше организирана подготвителна настава и индивидуални часови со цел успешна реализација на испитите од државната матура.

Во склоп на вонннаставните активности учениците се подготвуваа за натпреварите на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во прилог следат резултатите од учеството на учениците на одржаните натпревари.

За учениците од прва година се реализираше еднодневна ескурзија, а за учениците од втора година се реализираше дводневна. Ескурзиите беа претходно планирани и одобрени. Поставените воспитни и научни цели, беа реализирани во целост. Во периодот од 28.04. до 03.05.2025 година се реализираше шестдневна екскурзија за учениците од трета година. Екскурзијата се реализираше според претходно планирана програма и во согласност со Одлуката од Училишниот одбор.
Извештаите од реализираните екскурзии се во склоп на прилозите.

Активот по спорт и спортски активности во рамките на проектните активности организираше и реализираше повеќедневни планинарски тури на различни локации со ученици од прва до четврта година. Проектните активности како посебно подрачје во наставниот план за гимназиско образование се во функција на задоволување на индивидуалните интереси и желби кај учениците и оспособување за изработка на проекти со тимско работење на учениците. Учениците  активно работеа и се ангажираа во понудените области и своите изработки ги презентираа преку видео материјал во електронските медиуми и на Отворениот ден на училиштето.

## Работа на учениците со ПОП

Училишниот инклузивен тим (УИТ), континуирано ги следеше  постигнувањата на учениците со ПОП во инклузираните паралелки $4^3$и $4^4$. Учениците  добиваа постојана општа поддршка од прво ниво од стручните соработници, класниот раководител, наставниците и родителите.
Во текот на учебната година, вреднувањето на постигнувањата на учениците со ПОП од четврта година, се  одвиваше по диференциран пристап. Учениците редовно ја следеа наставата по сите наставни предмети.

Училиштето на крајот од учебната 2024/2025 година  го оствари  годишниот фонд на наставни денови и тоа во паралелки од завршната година остварени се 166 наставни денови, а за сите останати години на образование остварени се 180  наставни денови, согласно календарот за  организација  на учебната 2024/2025 година и календарот со измените во јавните средни училишта („Службен весник на Р.С. Македонија“ бр. 164/2024 и бр.182/2024 година).

### Преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови

| Бр. | Наставен предмет | I година | | II година | | III година | | IV година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на планирани часови | Број на реализирани часови | Број на планирани часови | Број на реализирани часови | Број на планирани часови | Број на реализирани часови | Број на планирани часови | Број на реализирани часови |
| 1. | Македонски јазик и литература | 144 | 143 | 144 | 143 | 144 | 143 | 132 | 130 |
| 2. | Прв странстки јазик - Англиски јазик | 108 | 107 | 108 | 108 | 108 | 107 | 99 | 98 |
| 3. | Втор странски јазик - Германски јазик | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 71 | 66 | 65 |
| 4. | Втор странски јазик - Француски јазик | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 71 | 66 | 66 |
| 5. | Втор странски јазик - Руски јазик | / | / | 72 | 71 | 72 | 71 | / | / |
| 6. | Математика | 108 | 106 | 108 | 108 | 108 | 107 | 99 | 98 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Физика | 72 | 71 | 72 | 72 | 72 | 70 | 99 | 97 |
| 8. | Хемија | 72 | 71 | 72 | 72 | 72 | 72 | 99 | 99 |
| 9. | Биологија | 72 | 71 | 72 | 72 | 72 | 72 | 99 | 99 |
| 10. | Историја | 72 | 71 | 72 | 70 | 72 | 71 | 66 | 66 |
| 11. | Географија | 72 | 72 | 72 | 71 | 72 | 71 | / | / |
| 12. | Социологија | | | 72 | 71 | 72 | 71 | 99 | 98 |
| 13. | Филозофија | | | | | | | 99 | 98 |
| 14. | Психологија | | | | | | | 66 | 65 |
| 15. | Педагогија | | | | | 72 | 71 | | |
| 16. | Етика | | | 72 | 72 | 72 | 71 | | |
| 17. | Логика | | | | | | | 66 | 66 |
| 18. | Филозофија – изборен предмет | | | | | | | 66 | 66 |
| 19. | Информатика | 72 | 71 | | | | | | |
| 20. | Информатичка технологија | | | 72 | 72 | | | | |
| 21. | Линеарна алгебра и анал.г. | | | | | 72 | 71 | | |
| 22. | Алгебра | | | | | 72 | 73 | | |
| 23. | Вовед во правото | | | | | 72 | 71 | | |
| 24. | Економија | | | | | | | 99 | 98 |
| 25. | Менаџмент | | | | | | | 66 | 65 |
| 26. | Спорт и спортски активности | 72 | 71 | 72 | 72 | 108 | 107 | 99 | 98 |
| 27. | Ликовна уметност | 72 | 71 | 36 | 35 | | | | |
| 28. | Музичка уметност | 36 | 35 | 72 | 71 | 72 | 71 | | |
| 29. | Латински јазик | | | | | 72 | 72 | | |
| 30. | Програмски јазици | | | | | 72 | 71 | 99 | 98 |
| 31. | Математичка анализа | | | | | | | 99 | 98 |
| 32. | Бизнис и претприемништво | | | | | | | 66 | 65 |
| 33. | Албански јазик | 144 | 143 | 144 | 144 | 144 | 143 | 132 | 131 |
| 34. | Македонски јазик за другите националности | 72 | 71 | 72 | 72 | 72 | 70 | 66 | 65 |
| 35. | Говорење и пишување | | | 72 | 72 | | | | |

За учениците од завршната генерација беше организирана и успешно реализирана одбрана и презентација на матурските проектни задачи. Согласно „Правилникот за начинот на реализација на државната матура“ за оваа година матурантите полагаа два екстерни и два интерни испити и проектна задача. Во прилог следат постигнатите резултати.

**Преглед на успехот на учениците постигнат на државната матура во учебната 2024/2025 година**

| *Екстерен дел* | | | | | *Интерен дел* | | | | | *Проектна задача* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен предмет | Број на ученици | | Среден успех | | Наставен предмет | Број на ученици | | Среден успех | | Наставен предмет | Број на ученици | | Среден успех | |
| | МК | АЛБ | МК | АЛБ | | МК | АЛБ | МК | АЛБ | | МК | АЛБ | МК | АЛБ |
| Мајчин јазик | 101 | 14 | 4,03 | 4,07 | Англиски јазик | 10 | / | 5,0 | / | Мајчин јазик | 1 | 14 | 5,0 | 4,71 |
| Англиски јазик | 67 | 15 | 4,62 | 4,28 | Германски јазик | 1 | / | 5,0 | / | Англиски јазик | 12 | / | 5,0 | / |
| Математика | 31 | / | 4,71 | / | Математика | 1 | / | 5,0 | / | Информатика | 9 | / | 5,0 | / |
| Руски јазик | 3 | / | 4,33 | / | Хемија | 12 | / | 5,0 | / | Математика | 4 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | Биологија | 12 | / | 5,0 | / | Физика | 3 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | Физика | 6 | / | 5,0 | / | Биологија | 10 | / | 4,93 | / |
| / | / | / | / | / | Географија | 9 | 14 | 4,88 | 4,0 | Хемија | 2 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | Социологија | 44 | 14 | 4,81 | 4.6 | Филозофија | 3 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | Филозофија | 76 | / | 4,96 | / | Психологија | 10 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | Историја | 3 | / | 5,0 | / | Социологија | 3 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | Информатика | 16 | / | 4,87 | / | Историја | 3 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | Музичка уметност | 1 | / | 5,0 | / | Вовед во право | 4 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | Ликовна уметност | 11 | / | 5,0 | / | Бизнис и претприемништво | 29 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | Економија | 2 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | Менаџмент | 2 | / | 5,0 | / |
| / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | Ликовна уметност | 5 | / | 5,0 | / |
| **Вкупно** | **101** | **14** | **4,42** | **4,17** | **Вкупно** | **101** | **14** | **4,96** | **4,3** | **Вкупно** | **101** | **14** | **4,99** | **4,71** |
| | **115** | | **4,29** | | | **115** | | **4,63** | | | **115** | | **4,85** | |

## Преглед на успехот на учениците
## постигнат на училишна матура од редовни и вонредни ученици во учебната 2024/2025 година

| *Мајчин јазик и литература* | | | | | *Интерен дел* | | | | | *Проектна задача* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставен предмет** | **Број на ученици** | | **Среден успех** | | **Наставен предмет** | **Број на ученици** | | **Среден успех** | | **Наставен предмет** | **Број на ученици** | | **Среден успех** | |
| | **МК** | **АЛБ** | **МК** | **АЛБ** | | **МК** | **АЛБ** | **МК** | **АЛБ** | | **МК** | **АЛБ** | **МК** | **АЛБ** |
| Мајчин јазик | 3 | 3 | 3,67 | 2,66 | Филозофија | 1 | / | 2,0 | / | Биологија | 1 | / | 4,0 | / |
| / | / | / | / | / | Ликовна уметност | 2 | / | 5,0 | / | Ликовна уметност | 2 | / | 5,0 | / |
| **Вкупно** | **6** | | **3,16** | | | **3** | | **3,5** | | | **3** | | **4,55** | |

### *Учество на конкурси и натпревари*

Учениците учествуваа на организираните натпревари и распишани конкурси и ги освоија следните награди:

- На 57. Детски Рацинови средби, во духот на чествувањето на ликот и делото на Рацин, беа распишани поетски и ликовен конкурс и натпревар во ораторство на тема „Мене и душата ми е црвена“. Учениците имаа можност да учествуваат и на рецитаторски натпревар на кои интерпретираа стихови од Рациновата поезија од песната „Утрото над нас“. Ученик од нашето училиште кој се пласираше во вториот круг на натпреварот по повод 57. Детски Рацинови средби е Кристијан Мартинов, ментор, Александра Стојановска. Ученици кои се пласираа во вториот круг на натпреварот во ораторство: втора награда за Милена Димова, ментор Весна Павлова и пофалница за Нина Митевска, ментор, Магдалена Сарагинова. На поетскиот конкурс со пофалници се здоби ученичката Јана Пљокова, ментор Александра Стојановска. Младите рецитатори се претставија пред публиката на пригодна свеченост во Народниот театар Ј.Х.К.Џинот – Велес.
- На општинските натпревари во кошарка – машка конкуренција организирани од Општински сојуз на училишен спорт - СУС Велес кои се одиграа во спортската сала на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ – Велес, Екипата на Гимназијата, под менторство на професорот Зоран Јованов го освои второто место.
- На Литературниот конкурс по повод патрониот празник на ОСУ „Јовче Тесличков“ есеј на тема: „Идолите на младите во современиот свет“ ученичката Василка Карталова освои втора награда под менторство на проф. Цветанка Карамаркова.
- На Литературниот конкурс распишан од Агенцијата за супервизија на осигурување за есеј на тема: „Животот е полн со изненадувања“ ученичката Василка Карталова освои прва награда под менторство на проф. Цветанка Карамаркова.

- На литературниот конкурс на тема „Мојот сон…“ распишан по повод Патрониот празник на училиштето на ССОУ „Димитрија Чуповски“ ученикот Филип Настов учествуваше и го освои второто место под менторство на проф. Цветанка Карамаркова и ученичката Нина Митевска од $II^2$ клас освои втора награда во пишување на проза под менторство на професор Магдалена Сарагинова. На литературниот конкурс на англиски јазик учествуваше и ученичката Викторија Јованова која го освои второто место под менторство на проф. Благица Аризанова Шопов.
- Во финалниот натпревар во футсал своите спортски вештини ги одмерија тимовите на $IV^5$ и $II^1$ клас. На крајот на натпреварите поуспешни беа поискусните, матурантите, кои убедливо го добија натпреварот. По завршувањето на натпреварот беа доделени дипломите за освоено прво и второ место, како и преодниот пехар.
- На општинските натпревари во одбојка женски – средни училишта кои се одиграа во спортската сала на нашата Гимназија, Екипата на гимназијата под менторство на професорот Зоран Јованов, со убедлива игра оствари две максимални победи и го освои првото место.
- На општински натпревари во одбојка - машка конкуренција, организирани од Општински сојуз на училишен спорт - СУС Велес, екипата на нашата Гимназија по менторство на професорот Мартин Димов освоија второ место на ниво на општината.
- На општински натпревари во футсал - машка конкуренција организирани од Општински сојуз на училишен спорт - СУС Велес екипата на нашата Гимназија по менторство на професорот Славчо Давитковски освоија второ место на ниво на општината.
- На конкурсот за финансиска поддршка за постигнати успеси од областа на природните науки, спортот и странските јазици на државни, меѓународни и олимписки натпревари во учебната 2023/2024 година распишан од Општина Велес, од вкупно триесет ученици и осумнаесет ментори од средните училишта во градот, четиринаесет ученици и десет ментори од нашата Гимназија се здобија со признание и финансиска поддршка.
- Учество и освоено прво место на зонски натпревар во одбојка женска конкуренција против СОУ „Гоце Делчев“, Валандово организиран од Федерација на училишен спорт на Македонија;
- На литературен конкурс по повод 8 Декември- Ден на Св.Климент Охридски распишан од страна на Сојузот на просветни работници на Р.С.Маскедонија учествуваше учениката Василика Карталова под менторство на професор Цветанка Карамаркова и освои втора награда.
- На општинскиот натпревар по Биологија, Гимназијалците ги постигнаа следниве резултати: Учениците од прва година: Андреј Бошковски, Михаил Перчинковски, Димитар Кузманов, Ангел Димов и Михаил Здравковски освоија трета награда и ќе учествуваат на регионалниот натпревар. Трета награда имаат и учениците од втора година: Ања Трајковска, Иван Тренадафилов и Матеја Андреева кои исто така продолжуваат на регионалниот натпревар. Од трета година сите седум ученици ќе учествуваат на регионалниот натпревар. Тие се учениците: Кристијан Мартинов, прва награда, Јана Пљокова и Ана Марија Костовска, втора награда, Славјанка Андреев, Марија Костова, Јована Благодовска и Андреј Божиновски, трета награда. Пофалници за учество добија учениците: Малена Настова и Марија Станинова. Честитки за нашите ученици и очекуваме уште поголем успех на регионалниот натпревар. Учениците се подготвуваа под менторство на професорките по Биологија, Елизабета Николовска и Силвана Илиева Печкова.
- На регионалниот натпревар по Биологија, Младите гимназијалци ги освоија следните награди и пофалници. Андреј Бошковски и Ангел Димов, втора награда, Михаил Перчинковски, трета награда. Учениците се од $I^2$ клас. Димитар Кузманов од $I^1$ клас,

трета награда, Михаил Здравковски од I$^2$ клас, пофалница. Ученичките Ања Трајковска од II$^1$ клас и Малена Настова од II$^4$ клас освоија трета награда. Учениците Јана Пљокова од III$^1$ клас се здоби со трета награда, Андреј Божиновски од III$^2$ клас и Кристијан Мартинов од III$^3$ клас се здобија со втора награда. Учениците се подготвуваа под менторство на професорките по Биологија, Елизабета Николовска и Силвана Илиева Печкова.

- На државниот натпревар по Биологија што се одржа на Природно-математичкиот факултет во Скопје, учество земаа и нашите Гимназијалци кои ги постигнаа следните резултати. Прва година: Ангел Димов и Андреј Бошковски од I$^2$ клас и Димитар Кузмановски од I$^1$ клас освоија трета награда, а ученикот Михаил Перчинковски од I$^2$ клас, пофалница за учество. Втора година: Малена Настова, ученичка од II$^4$ клас се закити со прва награда, а Ања Трајковска од II$^1$ клас освои трета награда. Трета година: Кристијан Мартинов од III$^3$ клас освои прва награда, Јана Пљокова од III$^1$ клас, втора награда и Андреј Божиновски од III$^2$ клас, трета награда. Учениците се подготвуваа под менторство на професорките по Биологија, Елизабета Николовска и Силвана Илиева Печкова.
- На општинскиот натпревар по Математика, учениците кои учествуваа на натпреварот од нашето училиште постигнаа солидни резултати. Учениците од прва година ги постигнаа следниве резултати: Димитар Кузманов од I$^1$ клас, III награда, Лука Андреев и Матеја Стефановска од I$^2$ клас, III награда. Учениците од втора година се наградени со втора и трета награда: Андреј Цецев, Теона Гаштарска од II$^1$ клас, III награда, Бојана Мицевска од II$^2$ клас, II награда и Малена Настова од II$^4$ клас, III награда. Учениците од трета година ги постигнаа следниве резултати: Матеј Ѓорѓиев, II награда, Тодор Пљаков од III$^2$ клас, III награда, Андреј Солев од III$^3$ клас, III награда и Викторија Панзова од III$^4$ клас, II награда.
- По повод чествувањето од 153 годишнината од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев во медијатеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ се одбележа раѓањето на нејзиниот патрон. Библиотеката, како и секоја година, распиша награден литературен конкурс за: Поетска или прозна творба на тема: „Моќта на книгата“. Во категоријата литературен конкурс поезија од прва до четврта година средно образование ученичката Василка Карталова освои трето место под менторство на професорката Цветанка Карамаркова. Во категоријата литературен конкурс проза од прва до четврта година средно образование ученичката Јана Пљокова освои прво место под менторство на професорката Александра Стојановска. На оваа свеченост беа доделени и награди за читателите со најголем број изнајмени книги. Најчитател во категоријата од средно образование е ученичката Василка Карталова.
- На општинскиот натпревар по Географија од нашата Гимназија на натпреварот учествуваа учениците: Ангел Димов и Јована Аспорова од I$^2$ клас, Бојана Мицевска од II$^2$ клас, Јана Пљокова од III$^1$ клас, Марко Коцев од III$^3$ клас и Памела Миланова од III$^4$ клас. Учениците постигнаа одлични резултати и се пласираа за учество на регионалниот натпревар. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Славица Спасевска.
- На регионалниот натпревар по Географија учествуваа учениците Ангел Димов и Јована Аспорова од I$^2$ клас, Бојана Мицевска од II$^2$ клас, Јана Пљокова од III$^1$ клас, Марко Коцев и Памела Миланова од III$^3$ клас. Сите ученици се пласираа на државниот натпревар. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Славица Спасевска.
- На државниот натпревар по Географија учествуваа учениците: Ангел Димов и Јована Аспорова од I$^2$ клас, Бојана Мицевска од II$^2$клас, Јана Пљокова од III$^1$ клас, Марко Коцев и Памела Миланова од III$^3$ клас. Со прва награда се закити ученичката Јана Пљокова од III$^1$ клас. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Славица Спасевска.

- На ден 15.2.2025 година за првпат се одржа Меѓународната „КГЛ Олимпијада''(прв круг) по англиски јазик организирана од страна на здружението на наставници „Лингва Арт”. Домаќин на овој настан беше СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес. На натпреварот учествуваа 400 ученици од нашата држава натпреварувајќи се во пет различни нивоа, меѓу кои и ученици од нашата Гимназија.
- Учество на ученици од четврта година на натпреварот „Економска Олимпијада”.
- На општинскиот натпревар по Историја учествуваа учениците Дамјан Темелковски од II$^{3}$ клас и Андреј Цецев од II$^{1}$ клас. Учениците покажаа одлични резултати и се пласираа на регионалниот натпревар. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Сашко Николовски.
- На државниот натпревар по Историја што се одржа на Филозофскиот факултет во Скопје на катедрата по Историја, ученикот Дамјан Темелковски постигна солидни резултати пласирајќи се во првите десет ученици. Ученикот се подготвуваше под менторство на професорот Сашко Николовски.
- Во рамките на циклусот натпревари по Информатика организирани од ЗИМ (Здружение на информатичари на Македонија), од нашето училиште учествуваа учениците:Тодор Пљаков и Матеј Ѓорѓиев. На 33 – от регионален натпревар ученикот Тодор Пљаков освои втора награда, а ученикот Матеј Ѓорѓиев, трета награда. Благодарение на постигнатиот успех, учениците се пласираа на државниот натпревар по Информатика. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Гордана Саздова.
- Учество на Државниот натпревар по информатика. Од нашето училиште учествуваа учениците: Тодор Пљаков и Матеј Ѓорѓиев од III$^{2}$ клас. Ученикот Тодор Пљаков освои трета награда. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Гордана Саздова.
- На 29 – та Македонска олимпијада по Информатика и оваа година од СОУ „Гимназија Кочо Рацин”- Велес учествуваше ученикот Тодор Пљаков од III$^{2}$ клас на кој малку му недостасуваше да се закити со бронзен медал. Ученикот се подготвуваше под менторство на професор Гордана Саздова.
- По повод 8 Март – Меѓународниот ден на жената , од страна на Локалната библиотека „Гоце Делчев” и Клуб на писатели „Коста Солев Рацин” Велес беше организиран конкурс за поетски творби на тема „ Силата на мајчиното срце “. Во категорија средно образование од нашата Општина, ученичката Јана Пљокова од III$^{1}$ клас освои трета награда под менторство на професор Александра Стојановска
- Во организација на Стручниот актив по спорт и спортски активности се реализираа традиционалните меѓукласни натпревари во одбојка. Во прекрасна навивачка атмосфера и преполна сала, екипата на IV$^{4}$ клас беше поуспешна од екипата на III$^{2}$ клас и го освои првото место и преодниот пехар втора година по ред.
- На регионалнот натпревар по Германски јазик кој се одржа на ниво на цела држава, учениците ги освоија следните награди. Ана Бошкова од IV$^{2}$ клас, втора награда. Андреј Митковски од III$^{3}$ клас, прва награда и Матеја Атанасовска од III$^{1}$ клас втора награда. Ученици од прва година: Дејана Севдинова од I$^{1}$ клас, втора награда. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Жанет Ј.Сарагиноски.

- На државниот натпревар по Германски јазик учениците ги освоија следните награди: Андреј Митковски од III[3] клас втора награда и Матеја Атанасовска од III[1] клас трета награда. Учениците се подготвуваа под менторство на професорот Жанет Ј.Сарагиноски.
- На ден 15.3.2025 година се одржа Меѓународната „КГЛ Олимпијада''(втор круг) по англиски јазик организирана од страна на здружението на наставници „Лингва Арт". Домаќин на овој настан беше СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес. На натпреварот учествуваа 140 ученици од нашата држава, меѓу кои и ученици од нашата Гимназија и се натпреваруваа во пет различни нивоа.
- Ученичките од нашата Гимназијза учествуваа на регионалните натпревари во одбојка во Штип – женска конкуренција за средните училишта од источниот регион. Натпреварите се одиграа во фер и коректна спортска атмосфера.
- Стручниот актив по Спорт и спортски активности при СОУ „Гимназија Кочо Рацин", Велес, учествуваше на хуманитарен турнир во одбојка при организација на Црвен крст, ученичките освоија прво место.
- Учество на државен натпревар за филозофската олимпијада (International Philosophy Olympiad, IPO) во организација на Филозофското друштво на Македонија. Нашата Гимназија ја претставуваше ученичката Катерина Здравева од II[2] клас, која како најмлада учесничка на натпреварот, во конкуренција на ученици од завршната IV (четврта) година, покажа одлични резултати и го освои значајното шесто место по менторство на професорот Бошко Караџов.

- Учество на 48-от општински натпревар по прва помош под организација на Црвен крст Велес. На натпреварот учествуваа екипи од сите основни и средни училишта во градот. Нашите ученици под менторство на професорот Елизабета Николовска го освоија првото место.
- Учество на регионален натпревар по прва помош, нашиот млад тим Гимназијалци го освои скромното десетто место.
- Како и секоја година, така и оваа, учениците од СОУ „Гимназијата Кочо Рацин" – Велес, ги одбележаа двата Светски прогласени дена на екологијата и поезијата. По тој повод од нашето училиште беа распишани литературен и ликовен конкурс на тема „Моќта на природата". Наградени творби на мајчин Македонски јазик: Првата награда и припадна на ученичката Лилјана Филипова од IV[2] клас ментор, Цветанка Карамаркова. Втора награда за ученичката Елена Стојановска од II[4] клас, ментор Магдалена Сарагинова. Втора награда и за ученичката Јана Пљокова, ментор Александра Стојановска. Трета награда за учениците Андреј Божиновски од III[2] клас и Стефанија Кузманова од III[4] клас, ментор Александра Стојановска и ученикот Ангел Димов од I[2] клас, ментор Јовица Темов. Наградени творби на Странските јазици: Англиски јазик Со прва награда се закитија ученичките Викторија Јованова и Лана Басаров. Втора награда за ученичката Матеја Стефановска, а трета за ученикот Кристијан Панов. Ментор на учениците кои твореа на англиски јазик е професорката Благица Аризанова – Шопов. На германски јазик наградена е творбата на ученикот Ангел Димов од I[2] клас, ментор Жанет Јанев – Сарагиновски. На француски јазик наградена е творбата на ученичката Елена Стојановска од II[4] клас, ментор Билјана Миланова. На тема „Моќта на природата" учениците ја изразија својата креативност и во областа на ликовната уметност. Со прва награда се закити ученичката Ана Куновска. Втората награда и припадна на ученичката Марија Манева. Трета награда за ученичката Лана Басаров. Програмата се реализираше во Локалната библиотека „Гоце Делчев" – Велес, и истата имаше за цел да ја

поттикне  еколошката свест кај младите генерации и убавината на безвременската македонска поезија, вклучувајќи и музички точки и рецитаторски изведби.

- Учество на Регионален натпревар по предметот Македонски јазик и литература. На истиот зема учество ученикот Кристијан Мартинов од III$^3$ клас под менторство на проефесор Александра Стојановска. и освои  второ место.
- Учество на Државен натпревар по македонски јазик и литература.  Од нашето училиште ученикот  Кристијан Мартинов од III$^3$ клас постигна III МЕСТО и освои ТРЕТА  државна награда, под менторство на професор Александра Стојановска.
- Учество на Регионален  натпревар по Музичка уметност во категоријата вокални интерпретатори. Од нашата Гимназија учествуваа  четири ученици под менторство на професор Атанас Зафиров. Учениците се закитија со три први и едно второ место. Ученичките: Анастасија Крлева од III$^3$ клас со  освоени  99.33 поени,  Кристина Станишева од II$^1$ клас со освоени  99.33 поени и Ива Ракициева од  III$^4$ клас со освоени  96 поени во категорија вокална интерпретација го освоија првото место, а ученикот Филип Настов од IV$^4$ клас, со освоени 87 поени го освои второто место.
- Учество  на Државен натпревар  по Музичка уметност во категоријата вокални интерпретатори кој  се одржа на Славјанскиот универзитет во Свети Николе.  Ученичките: Ива Ракициева со освоени 88 поени, Анастасија Крлева со освоени 86 поени и Кристина Станишева со освоени 86 поени, го освоија второто место. Учениците се подготвуваа по менторство на професор Атанас Зафиров.
- На државното првенство за тенис кое се одржа на 6 Мај, во Кавадарци, од Гимназијата учествуваа  ученичките Нина Крстевска и Ања Трајковска. Ученичката Нина Крстевска го освои  петтото место, а ученичката Ања Трајковска четвртото место, под менторство на професорите Славчо Давитковски и Мартин Димов.
- Стручниот актив по спорт и спортски активности организираше меѓукласни натпревари по баскет. Прво место освоија момците од IV$^1$ клас, второ место освоија професорите по спорт и спортски активности и трето место освоија момците од II$^1$ клас.
- На државниот натпревар по Англиски јазик во организација на акредитираната асоцијација ЕЛТАМ МК, Гимназијалците ги постигнаа следниве резултати. Сандра Ангеловски од I$^2$ клас, освои втора награда, Иван Трендафилов од II$^4$ клас, трета награда, Марија Станинова од II$^2$ клас, трета награда, Александра Челев од III$^2$ клас, втора награда и Кристијан Мартинов од III$^3$ клас, втора награда.
- На регионалниот натпревар по Хемија учениците Марија Станинова и Карло Травник од II$^2$  клас освоија второ место и обезбедија пласман на државниот натпревар, а учениците Антонио Трајковски од I$^3$ клас и Димитар Кузманов од I$^1$ клас  се здобија со пофалници. Учениците работеа под менторство на професорите Марјан Стојановски и Петранка Стојанова.
- На државниот натпревар по Хемија учествуваше Марија Станинова, ученичка од II$^2$ клас во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес, под менторство на професор Марјан Стојановски. Марија постигна солидни резултати и се здоби со сертификат за учество.
- По повод 24 Мај – Денот на сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј во Општина Велес се одржа средношколски ораторски натпревар. На натпреварот ораторите говореа под мотото „Збор со  корен, глас со сила – Од длабочината до височината – ние сме гласот на она што тие го напишаа“ . Честа да се здобијат со награди ја имаа и нашите гимназијалци. Првото место и припадна на ученичката Лана Басаров, а третото место го освои ученикот Димитар Кузманов, под менторство на професорката Цветанка Карамаркова.

- На државното првенство во одбојка на песок во организација на нашата гимназија учествуваа и нашите ученици. Ученичките: Катја Зафирова, Сара Арсеновска и Ања Трајковска го освоија третото место. Тие од првенството донесоа пехар со кој се закити нашата Гимназија.  А учениците: Филип Настов, Андреј Цилаков и Давид Николовски го постигнаа четвртото место во државата. Учениците се подготвуваа под менторство на професорите по спорт и спортски активности.

**Во табелата се прикажани освоените награди на учениците од прво до трето место на државни натпревари**

| Натпревар | Ментор | Ученик | Освоено место |
|---|---|---|---|
| Државен натпревар по биологија | Елизабета Николовска, Силвана Печкова | Кристијан Мартинов | I награда |
| | | Малена Настова | I награда |
| | | Јана Пљокова | II награда |
| | | Андреј Бошковски | III награда |
| | | Ангел Димов | III награда |
| | | Димитар Кузмановски | III награда |
| | | Ања Трајковска | III награда |
| | | Андреј Божиновски | III награда |
| Државен натпревар по географија | Славица Спасевска | Јана Пљокова | I награда |
| Државен натпревар по информатика | Гордана Саздова | Тодор Пљаков | III награда |
| Државен натпревар по англиски јазик | Соња Трајчева, Христина Леова | Сандра Ангеловски | II награда |
| | | Кристијан Мартинов | II награда |
| | | Александра Челев | II награда |
| | | Марија Станинова | III награда |
| | | Иван Трендафилов | III награда |
| Државен  натпревар по германски јазик | Жанет Јанев - Сарагиновски | Андреј Митковски | I награда |
| | | Ана Бошкова | I награда |
| | | Матеја Атанасовска | I награда |
| | | Дејана Севдинова | II награда |
| Државен натпреавар по македонски јазик и литература | Александра Стојанова | Кристијан Мартинов | III награда |
| Државен натпревар  по музичка уметност категорија вокални интерпретатори | Атанас Зафиров | Ива Ракиџиева | II место |
| | | Анастасија Крлева | II место |
| | | Кристина Станишева | II место |
| Државното првенство во одбојка на песок | Зоран Јованов Славчо Давитковски, Мартин Димов Директор Илија Попов | Катја Зафирова, Сара Арсеновска и Ања Трајковска | III место |

## Преглед на општиот успех на учениците на крајот од наставната 2024/2025 година

**Табела бр.7**

| Година | Машки | Женски | Вкупно | Постигнат успех | | | | | | | | Вкупно | | | Со недоволен успех | | | | | | Не оценет | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Одличен | | Многу добар | | Добар | | Доволен | | | | | Со-1 слаба | | Со-2 | | Со-3 | | | |
| | | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | Вкупно | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | |
| **I** | 23 | 54 | **77** | 14 | 32 | 3 | 8 | 4 | 10 | 1 | / | 22 | 50 | **72** | 1 | 4 | / | / | / | / | / | **4,36** |
| **II** | 43 | 67 | **110** | 29 | 48 | 9 | 18 | 5 | 1 | / | / | 43 | 67 | **110** | / | / | / | / | / | / | / | **4,49** |
| **III** | 32 | 49 | **81** | 20 | 38 | 6 | 9 | 1 | 1 | 2 | 1 | 29 | 49 | **78** | / | / | 2 | / | 1 | / | / | **4,37** |
| **IV** | 52 | 65 | **117** | 34 | 59 | 14 | 4 | 4 | 2 | / | / | 52 | 65 | **117** | / | / | / | / | / | / | / | **4,58** |
| Вкупно | **150** | **235** | **385** | **97** | **177** | **32** | **39** | **14** | **14** | **3** | **1** | **146** | **231** | **377** | **1** | **4** | **2** | **/** | **1** | **/** | **/** | |
| **Вкупно 2024/2025 година** | | | | **274= 71,2%** | | **71 = 18,4%** | | **28= 7,3%** | | **4 = 1,04%** | | **97,9%** | | | **5= 1,3%** | | **2 = 0,5%** | | **1 = 0,3%** | | **/** | **4,45** |
| **Учебна 2023/2024 година** | | | | **298 = 67,9%** | | **92 = 20,9%** | | **32 = 7,3%** | | **4 = 0,9%** | | **97,0%** | | | **3 = 0,7%** | | **3 = 0,7%** | | **7 = 1,6%** | | **/** | **4,45** |

## Преглед на општиот успех на учениците на крајот од учебната 2024/2025 година

**Табела бр.8**

| Година | Машки | Женски | Вкупно | Постигнат успех | | | | | | | | Вкупно | | | Со недоволен успех | | | | | | Не оценет | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Одличен | | Многу добар | | Добар | | Доволен | | | | | Со-1 слаба | | Со-2 | | Со-3 | | | |
| | | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | Вкупно | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | |
| **I** | 23 | 54 | **77** | 14 | 32 | 3 | 8 | 5 | 14 | 1 | / | 23 | 54 | **77** | / | / | / | / | / | / | / | **4,38** |
| **II** | 43 | 67 | **110** | 29 | 48 | 9 | 18 | 5 | 1 | / | / | 43 | 67 | **110** | / | / | / | / | / | / | / | **4,49** |
| **III** | 32 | 49 | **81** | 20 | 38 | 6 | 9 | 1 | 1 | 4 | 1 | 31 | 49 | **80** | / | / | / | / | 1 | / | / | **4,37** |
| **IV** | 52 | 65 | **117** | 34 | 59 | 14 | 4 | 4 | 2 | / | / | 52 | 65 | **117** | / | / | / | / | / | / | / | **4,58** |
| Вкупно | **150** | **235** | **385** | **97** | **177** | **32** | **39** | **15** | **18** | **5** | **1** | **149** | **235** | **384** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **/** | |
| **Вкупно 2024/2025 година** | | | | **274= 71,2%** | | **71 = 18,4%** | | **33= 8,6%** | | **6 = 1,3%** | | **99,2%** | | | **/** | | **/** | | **1 = 0,3%** | | **/** | **4,45** |
| **Учебна 2023/2024 година** | | | | **298 = 67,9%** | | **92 = 20,9%** | | **32 = 7,3%** | | **4 = 0,9%** | | **97,0%** | | | **/** | | **/** | | **7=1,59%** | | **/** | **4,45** |

## Преглед на изостаноците на учениците

**Табела бр. 9**

| **Година** | **Изостаноци** | | | | | | **Поведение** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оправдани** | **Неоправдани** | **Вкупно** | **Просек по ученик** | **Машки** | **Женски** | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** | **Вкупно** |
| I година | 3642 | 274 | 3916 | 50,8 | 41,7 | 44,7 | 77 | / | / | 77 |
| II година | 5854 | 297 | 6151 | 55,9 | 53,8 | 43,3 | 110 | / | / | 110 |
| III година | 4834 | 282 | 5116 | 63,2 | 61,9 | 55,2 | 81 | / | / | 81 |
| IV година | 8009 | 466 | 8475 | 72,4 | 85,1 | 57,3 | 103 | 5 | 8 | 116 |
| **Вкупно 2024/2025 година** | **22339 = 58** | **1319 = 3,4** | **23658** | **61,4** | **60,6** | **50,1** | **371** | **5** | **8** | **384** |
| **Вкупно 2023/2024 година** | **22143 = 50,4** | **1567 = 3,6** | **23710** | **54,0** | **60,6** | **50,1** | **414** | **15** | **10** | **439** |

Во текот на учебната 2024/2025 година изречени се следните педагошки мерки:

-14 писмени опомени изречени од Советот на паралелката и 1 писмена опомена од Раководителот на паралелката.

Оправданите изостанувања се поради здравствени проблеми на учениците. Неоправданите изостанувања најчесто се направени поради задоцнување и несериозност на учениците кон своите обврски како ученици. Од направената анализа во однос на изостанувањето по пол може да се согледа дека во секоја генерација, освен во прва година, повеќе изостануваат момчињата, во однос на девојчињата. Ставот на сите чинители на воспитно – образовниот процес е и понатаму да се залагаме воспитно да делуваме кај учениците во соработка ѝ со родителите, иако знаеме дека воспитниот процес е сложен и комплексен, кој бара знаење, време, трпение, разбирање и взаемно делување од сите фактори и субјекти во воспитувањето на младите луѓе.

### ***Учество во проекти***

Во текот на учебната година, училиштето реализираше активности во рамките на неколку проекти и тоа:

- Во рамките на проектот ***„Мировно образование“,*** а во соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“, учениците и наставниот кадар од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес, традиционално, по единаестти пат ја изведоа Мировната парада, одбележувајќи го 21 Септември –Светскиот ден на мирот. Оваа година мотото на Парадата беше: „Чекориме за мир!“

  Професорите и учениците од училиштето чекореа за мир движејќи се по парадната патека. Настанот беше збогатен со присуството на дел од членовите на Првата детска амбасада „Меѓаши“.
- Учество на обука од проектот Мировно образование на тема „Ментално здравје“ организирано од Првата детска амбасада во светот Меѓаши одржана во хотел Дрим Струга.
- Посета на претставници од регионалната Канцеларија за англиски јазик од амбасадата на САД во Белград, претставници на американската амбасада во Скопје, како и на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје спроведена преку проектот Access English Microscholarship. Програмата е едукативно-образовна програма за изучување на англискиот јазик и американската култура. Носител на активноста психологот Анита Смилевска.
- Во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, учениците Лили Андовска, Ања Трајковска, Бојана Најдовска, Мила Петковска, Марија Станинова, Никола Стојановски, Кристијан Перков, Малена Настова и одговорниот наставник Драгана Тевчева, учествуваа на интеркултурална размена во детското село Песталоци во Троген, Швајцарија. Размената подразбираше секојдневен ангажман на учениците и вработените воедукативни работилници, културни активности, спортски натпревари, организација на мали настани, креирање на радио емисии, подготовка на храна и одржување на хигиената во куќите во кои беа учениците сместени, како и низа други активности со кои се стекнуваат животни вештинии вештини на интеркултурална комуникација.
- Во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, чија цел е придонес кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина, по апликацијата и добиениот грант од 30000 денари на ученичката иницијатива беа реализирани повеќе активности: се спроведе обука за ученици – врснички едукатори од страна на стручните соработници во нашето училиште. Според концептот на врсничката едукација, акцент

се стави на подобрување и развој на капацитетите кај учениците за препознавање на формите и превенција од насилството во училиштата. Врсничките едукатори стекнаа вештини за реализација на работилниците и истите ги реализираа со учениците од прва, втора и трета година во месец декември. Врсничките едукатори од нашата Гимназија ги посетија основните училишта од градот и заедно со учениците од деветто одделение ја реализираа едукативната работилница на тема „Заедно против врсничко насилство". Целта на оваа работилница е зајакнати капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство, примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички. И како последна активност од апликацијата на ученичкатаа иницијатива се реализираше Маршот „Младината против врсничко насилство". На маршот учествуваа наставниците и учениците од нашето училиште, ученици од другите средни и ученици од основните училишта од градот.

- Во рамките на проектот „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Р.С. Македонија", на 19.02.2025 година во Гимназијата се одржа работилница за кариерно советување од страна на фасилитаторот Василија Јорданова. Работилницата ја следеа ученици од прва до четврта година. За време на работилницата учениците беа запознати со тоа што е кариера, како се планира, колку долго трае, што се кариерни цели и што треба да се направи за тие да се исполнат. Во текот на месец март во нашата Гиманзија се спроведе и работилница за кариерно ментроирање на учениците. Работилницата ја следеа ученици од прва до четврта година. Сите сесии од предвидената работилница се организирани од Националниот младински совет на Македонија во соработка со Мрежа Стела, а со поддршка од Британската амбасада во Скопје.
- Во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието" во нашето училиште се реализираа самостојни работилници во согласност со годишните планирања на наставниците. Во нашето училиште по апликацијата и добиениот грант од 30 000 денари, по распишан конкурс од страна на МОН, се реализираа неколку активности. Се реализираше едукативната активност „Board games in classroom". под фасилитација на наставникот д-р Бошко Караџов и на темелот на т.н. учење преку игра и играње (анг. game-based learning), учениците имаа можност да ги прошират знаењата од општествено-хуманистичките науки и меѓусебно да се дружат, соработуваат и натпреваруваат преку играње на едукативни друштвени игри на плоча. Се реализираше и воннаставна еко активност „Новите, обновливи и алтернативни извори на светлина". Учениците заеднички истражуваа, презентираа и дискутираа за применливоста на истражувачкиот проект. Се поставија лед светилки во училишниот двор и со засадија украсни растенија во еко училницата. Во текот на активностите учениците меѓусебно се запознаа, се дружеа и заеднички истражувајќи се запознаа со предностите од користењето на новите начини на осветлување, со модерни и ефикасни светилки и ја увидоа потребата и предноста од нивното користење од оваа модерна технологија кои овозможуваат огромна заштеда на електрична енергија како и заштита на животната средина. А преку засадувањето на украсните растенија увидоа дека растенијата се филтер за чист воздух и украс на просторот во кој се наоѓаме.

## *Јавна и културна дејност на училиштето*

Преку ова подрачје, училиштето настојува на потесната и поширокaта јавност да ги презентира своите активности и да се афирмира како воспитно-образовен и културен фактор во средината каде живее и работи.

Во реализација на ова подрачје остварени се следните содржини:

- Одбележување на денот на Европските јазици - 26 септември учениците од билингвалната паралелка пред гимназијалците, под менторство на професорката Благица Аризанова Шопов, се претставија со презентации за историјата на јазиците и мултилингвизмот, како и повеќе интерактивни квизови и асоцијации на англиски јазик. Денот посветен на јазиците беше збогатен со рецитирање на поезија на германски, руски и албански јазик под менторство на одговорните наставници Жанет Ј Сарагиноски, Весна Павлова и Линдита Маликова. Музичката композиција на француски јазик ја интерпретираше ученичката Ива Ракиџиева под менторство на професорката Билјана Миланова. Во улога на водители настапија учениците Нина Митевска и Јаков Ѓоргоски. На крајот од настанот сите ученици од основните и средните училишта во градот изработија постер на кој зборот мир го напишаа на неколку европски јазици.
- Гимназијалците, во Амфитеатарот при Младинскиот парк, традиционално по третпат, го одбележаа 16-ти октомври, ден кога трагично згасна, животот на дваесет и шест годишниот, Тоше Проески, големата музичка ѕвезда од нашата естрада. Во негова чест и оваа година, учениците од Гимназијата „Кочо Рацин“, Велес, под иницијатива на ученикот, Филип Настов и професорите-координатори, Магдалена Сарагинова, Јулијана Михова и Атанас Зафиров, со поддршка на директорот Илија Попов, организираа хуманитарен настан и пригодна програма. На сцената присуствуваа и дечињата од Детската градинка „Димче Мирчев“, во придружба на нивните наставнички, како и Јованче Банев и Елена Ѓорѓиевска, наставници во ООМУ „Стефан Гајдов“, за изведба на нивната музичка точка. Преку перформансот, „Тоше, во срце те носиме!“, Гимназијалците го истакнаа животниот пат и дело на прерано загинатата македонска ѕвезда која гордо чекореше на музичката сцена. Уживавме и во перформансот и музичкиот колаж од врвните музички остварувања на Тоше, во изведба на учениците: Јана Пљокова, Милена Димова, Изабела Жабева, Јана Трипуновска, Марио Заеков и учениците од училиштниот бенд: Филип Настов, Ива Ракиџиева, Кристина Станишева, Андреј Цецев, Матеј Богатинов и Ангел Димов.
- Одбележување на месецот на книгата. Со пригодна програма посветена на благородната водилка во нашите животи – книгата, учениците од нашата Гимназија го одбележаа Месецот на книгата. Годинешново одбележување на Месецот на книгата отпочна со сплет од мисли посветени на важноста на книгата и читањето и презентирано пред деветтоодeленците од страна на учениците: Даниела Иванова, Христијан Анастасов, Стефани Настова иАнастасија Неделкова. Оваа година е во знак на јубилејот 85 години од излегувањето од печат на стихозбирката „Бели мугри“. Во чест на нејзиниот автор, основоположникот на современата македонска поезија, Коста Солев Рацин, одбележувањето на Месецот на книгата се посвети токму нему и на неговата стихозбирка „Бели мугри“. Вљубениците во пишаниот збор на овој настан настапија во улога на наратори: Ана Бошкова, Јана Пљокова, Милена Димова, Кристијан Мартинов и Изабела Жабева. Тие ни ја пренесоа тажната, баладична судбина на Ленка, мачниот труд на аргатите и љубовта заживот човечна. Учениците Стефани Настова и Марија Арсовска кои инспирирани од денешниот настан посветен на Месецот на книгата,

книгата „Бели мугри“ и најголемиот поет во современата македонска литература Коста Солев Рацин, преку цртеж илустрираа дел од неговото поетско творештво. Во музичкиот дел на програмата настапи ученичката Анастасија Крлева. Пријатните мигови од овој настан со својот фотообјектив ги овековечи ученичката Ивана Јанкуловска. Техничката подготовка на видео – презентацијата беше на ученичката Викторија Дојчинова. Реализирањето на оваа активност беше координирана од професорите по Македонски јазик и литература, Ликовна и Музичка уметност. Програмата ја водеа учениците: Ана Бошкова и Александра Чатмова.

- Во рамките на одбележувањето на државните празници 11 Октомври и 23 Октомври и 80 годишнината од ослободувањето на Велес, беше положено цвеќе пред спомен обележјата во градот.
- СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, која со гордост го носи името на својот патрон и оваа година се вклучи во одбележувањето на 57 Детски Рацинови средби со следните активности:

  - положување на цвеќе на бистата на Рацин во училишниот двор на Гимназијата, споменикот на Рацин во центарот на градот и Спомен – Костурницата;
  - научно - книжевна трибина посветена на прашањата за актуелноста и значењето на Рациновите поетски и прознитекстови за денешниот млад човек. Трибината се реализираше со учениците од дебатните клубови од средните училишта во градот и професорите д-р Бошко Караџов и доц.д-р Бојан Петревски од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје на тема „Го заслужуваме ли Црвениот поет“;
  - работилница за креативно пишување на проза со учениците од литературните секции од средните училишта во градот. Од нашето училиште учествуваа учениците: Василка Карталова, Викторија Трајкова, Теодора Панова, Ива Илиева, Елена Попова, Нина Крстевска, Јована Левкова, Мила Ставрева и Јована Илиева со одговорните наставници Цветанка Карамаркова и Весна Павлова;
  - група ученици со наставник Јулијана Михова, беа дел од активноста „На гости кај Рацин“ и ја посетија Спомен – куќата на Рацин.
  - учество на поетски, ликовен натпревар и натпревар во ораторство на тема „Мене и душата ми е црвена“
  - учество на рецитаторски натпревар на кој се интерпретираа стихови од Рациновата поезија од песната „Утрото над нас“.
  - интерпретација на стихови од стихозбирките „Бели мугри“ и „Антологија на болката“ од страна на учениците Изабела Жабева, Катја Зафирова, Викторија Панзова, Марио Заеков, Гордан Ќимов, Бојана Најдовска, Лидија Костова и Лана Басаров под менторство на професорките по Македонски јазик и литература Цветанка Карамаркова и Весна Павлова.
  - музички дел со настап од учениците: Филип Настов, Изабела Жабева и Анастасија Крлева со изведба на музичките композиции „Ленка“, „Копачите“ и „Со маки сум се родил“ под менторство на професорот по Музичка уметност, Атанас Зафиров.
- Одбележување на интернационалниот ден на наставникот по француски јазик реализиран од страна на учениците од прва, втора и четврта година под менторство на професор Билјана Миланова;

- Одбележување на 14 февруари - По повод Денот на вљубените (Валентајн) и Денот на виното (Св.Трифун) во нашето училиште се одржа музички настан на кој со вокална интерпретација учествуваа учениците: Ива Ракиџиева и Филип Настов во инструментална поддршка на Кристина Станишева и Матеј Богатинов.
- По повод одбележување на 21 февруари - Меѓународениот ден на мајчиниот јазик, Ученици од нашата Гимназија заедно со учениците членови на МДПС „Премиера" го одбележаа денот на мајчиниот јазик преку учество во работилница во која инспирирани од мисли за јазикот од познати писатели создадоа свои мисли и стихови посветени на јазикот. Токму тоа е доказ дека љубовта кон јазикот и кон литературата треба да останат вечен пламен во нашите срца. Само преку чување и негување на мајчиниот јазик, го чуваме и негување она што е најсвето, нашиот најважен идентитетски белег. Искрено добредојде, на овој значаен ден, им посакавме на учениците од деветто одделение од основните училишта: „Кирил и Методиј, „Васил Главинов" и „Блаже Конески" и нивните одговорни наставници. Со надеж дека во иднина ќе бидат наши ученици, ги поканивме и самите да бидат дел од активностите и манифестациите, преку кои ќе го покажат својот талент и своите можности и способности.
- По повод 7 март, Денот на албанскиот наставник, учениците од паралелките со настава на албански јазик со своите поетски и прозни творби го означија овој ден значаен за развојот на образованието на албанскиот народ.
- Меѓународниот ден на жената, 8 Март, учениците од СОУ „Гимназија Кочо Рацин" со гордост ја поддржаа иницијативата на општина Велес за организирање на Осмомартовскиот средношколски марш. Тие маршираа заедно со средношколците од другите средни училишта од нашиот град, со цел да се подигне свеста за еманципацијата на жената и да се почитуваат начелата за одбележување на 8 Март Меѓународниот ден на жената.
- Во пресрет на одбележувањето на Меѓународниот ден на жената, 8 Март, ученици од четврта година од нашата Гимназија учествуваа во работилница која се одржа во Европска куќа во Велес. Учениците слушнаа инспиративни приказни од четири неверојатни жени, секоја лидер во својата област. Учениците кои беа дел од настанот имаа можност лично да разговараат со секоја од говорничките, да постават прашања и да добијат корисни совети за нивниот кариерен пат.
- Одбележување на 83 годишнината од штрајкот на велешките Гимназијалци.
  Прославувањето на настаните со кои одбележуваме значајни датуми од славната историја на македонскиот народ, секогаш не исполнуваат со чест, задоволство, но и сосвета обврска никогаш да не заборавиме кои сме и која е нашата света цел. Оваа година ја спојуваме историјата со современото време преку театарската претстава „Штрајкот на велешките Гимназијалци". Нашите ученици ги оживејаа вистинските настани од 14 Март 1942 година, пренесувајќи ја храброста и непокорливиот дух на Гимназијалците што го обележаа овој историски чин. При адаптацијата на текстот за претставата беа ангажирани учениците: Ива Илиевска, Кристијан Мартинов и Теодора Панова во режија на професорките по Македонски јазик и литература, Цветанка Карамаркова и Весна Павлова.
- На сцената настапија актерите: Филип Настов, Кристијан Мартинов, Димитар Коцев, Ива Ракиџиева, Викторија Панзова, Изабела Жабева, Милена Димова, Анастасија Крлева, Јана Трипуновска, Катја Зафирова, Теодора Панова, Матеј Славески, Марио Заеков, Андреј Миров, Марко Стојановски, Борис Павлов, Гордан Ќимов, Михаил Здравковски и оркестарот во состав: Стојан Димовски – гитара, Ангел Богоевски, бас гитара, Матеј Богатинов - гитара, Кристина Станишева – виолина и Андреј Цецев – џез тапани, под менторство на професорот по Музичка уметност, Атанас Зафиров.

За изработката на транспарентите се погрижија учениците: Ива Илиевска, Теодора Панова, Марија Манева, Кристина Станишева, Катерина Здравева, Мила Петковска и Вања Андова под менторство на професорката по Ликовна уметност, Јулијана Михова. Фотографиите ги изработија ученичките: Ивана Јанкуловска и Александра Панова, а постерот, видеото и поканата учениците: Кристијан Мартинови Изабела Жабева. Програмата ја водеа учениците: Ана Бошкова и Јана Пљокова. Театарската претстава беше топло примена од присутните кои ја проследија со внимание. Во фоајето на театарот беа изложени оригинални документи и исклучително значајни материјали кои ги подготвија вработените при Државниот архив на Р.С. Македонија од одделението во Велес.

- Одбележување на 27 Март – Светскиот ден на театарот По повод 27 Март, Светскиот ден на театарот, учениците од јазично – уметничкото подрачје од СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес со професорките по Македонски јазик и литература Цветанка Карамаркова, Весна Павлова и Магдалена Сарагинова, присуствуваа на генералната проба на театарската претстава „Госпоѓа министерка" од Бранислав Нушиќ.
- Организација и одржување на Отворениот ден на училиштето на кој учениците од „Гимназија Кочо Рацин" ја покажаа својата креативност и способност во различни области пред учениците од девтто одделение.
- Во рамките на пролетната акција и промовирање на важноста на практичното образование за животна средина, во нашето училиште со учениците и професорите се спроведоа еколошки активности. Во рамките на еко часот се одржа и еко ликовна работилница. На оваа работилница учениците изработуваа разни предмети со рециклирање на стакло, пластика, лименки и хартија под менторство на професорките Јулијана Михова и Елизабета Николовска.
- Во чест на 62 Рацинови средби, СОУ „Гимназија Кочо Рацин" пристапи кон нивно чествување. Делегација од СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес, се поклони и положи свежо цвеќе во спомен – костурницата и пред споменикот на Рацин во дворот на училиштето.

***Активности за одбележување на Патронатот на училиштето***

По повод **патронитот празник** на училиштето се реализираа повеќе активности:

- Директорот и вработените при СОУ „Гимназија Кочо Рацин", со **положување на букет цвеќе на бистата на Кочо Рацин** во училишниот двор на Гимназијата и Спомен – Костурницата, му оддадоа почит на својот патрон и ја одбележаа годишнината 116 години од неговото раѓање.
- По повод Патрониот празник, училиштето во соработка со Општинската организација на Црвен крст – Велес и Институтот за трансфузиона медицина од Скопје, традиционално организираа крводарителска акција, која се одржа во нашетоучилиште. На истата, својата крв ја даруваадваесет и шест ученици, професори и дел од техничкиот персонал.Учениците и професорите уште еднаш ја покажаа својата хуманост да ја даруваат својата крв и да спасат нечиј живот. Мотиватори: Професорите Зоран Јованов, Елизабета Николовска.
- Традиционално, во чест на нашиот патрон, Коста Солев Рацин, Стручниот актив по Мајчин јазик и странски јазици и професорот по Ликовна уметност, распишаа **литературен и ликовен конкурс** за деветтоодеренците и средношколците од

нашата општина и околината. Оваа година, темата за создавање на поетски и ликовни творби беше „Куќа цел свет братски ми е, братски срце што отвора“. Наградите, беа доделени во Медијатеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“. На литературниот и ликовниот конкурс пристигнаа голем број на творби кои ни докажаа дека младите генерации, умеат своите мисли и идеи да ги преточат во пишани зборови. Рациновите следбеници и денес со гордост ги изведуваат Рациновите стихови. Овогодинешното чествување го започнавме со рециталот, подготвен одучениците од Гимназијата. Настапија со безвременската лирска, социјална песна, со аргатски мотив, „Тутуноберачите“ која е дел од антологиската стихозбирка „Бели мугри“. Ученици кои настапија: Ања Трајковаска, Ангел Димов, Игнова Марија, Матеја Атанасова и Флора Синанова, придружени со гитари од Кристина Станишева и Матеј Богатинов, под менторство на професорот по Музичка уметност, Атанас Зафиров. Првата награда и припадна на, Дарија Давчевска, ученичка од I$^{1}$ клас  ментор: Јовица Темов , втора награда за Јаков Ѓоргоски, ученик во II$^{1}$ клас,  ментор: Магдалена Сарагинова; трета награда за учениците Јана Пљокова, ученичка во III$^{1}$ клас ментор: Александра Стојановска, Милена Димова, ученичка во IV$^{3}$ клас, ментор Весна Павлова и за Ангел Димов, ученик во I$^{2}$ клас, ментор Јовица Темов. Наградени ученици на албански јазик : Прва награда за Бетим Шемседини, ученик во I$^{4}$ клас, втора награда за Мајлинда Лачи, ученичка во IV$^{5}$ клас, трета награда за Авдил Муаремовски, ученик во IV$^{5}$ класпод менторство на Линдита Маликова. Наградени творби напишани на англиски јазик: Втора награда за Инес Стефановска и трета награда Димитар Кузманов, под менторство на наставник Благица Аризанова Шопов. Наградени творби напишани на германски јазик: Прва награда за Андреј Митковски од III$^{3}$ клас; втора награда за Ангел Димов I$^{2}$ клас; трета награда за Кристијан Трајковски III$^{2}$ клас под менторство на Жанет Јанев Сарагиновски. На Ликовниот конкурс се наградени следниве ученици: Прва награда: Михаил Здравковски, ученик во I година, втора награда за Дарија Трајкова, ученичка во I година, ментор:Јулијана Михова.

- Како дел од активностите реализирани по повод одбележувањето на Патрониот празник, е и активноста **„Светот на науката“** реализирана од страна на активот по природни науки, математика, ииформатика при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“. На настанот учествуваа ученици од прва и трета година од нашата Гимназија, кои изработија интерактивни презентации за деветтоодделенците од основните училишта од градот и околината. Преку квизови, загатки, крстозбори, слики иинтересни факти, Гимназијалците успеаја да ги воведат идните средношколци во светот на науката и да им ги прикажат сите забавни аспекти на географијата, хемијата, биологијата, физиката, математиката и информатиката.
- Одржување на филозофската мултимедијална работилница „Рацин и Феминизмот“. Работилницата ја водеше професорот по филозофија д-р Бошко Караџов и на истата учениците ги продлабочија своите знаења за содржините на филозофските текстови на Коста Солев Рацин.
- Божиќната претстава „Christmasplay” се одржа во организација и реализацијана учениците од билингвалната паралелка, заедно со учениците од останатите паралелки. Програмата беше збогатена со музички точки во кои беа вклучени, како новогодишни, така и други популарни мелодии, глума, рецитал и стенд ап.  Со оваа програма учениците ја покажаа својата почит, љубов и огромната посветеност кон изучувањето на странските јазици.  Одржувањето на овој настан беше координиран од професорките: Благица Аризанова Шопов, Жанет Јанев Сарагиновски, Билјана Миланова и Јулијана Михова.

- Квиз со наслов „Светот преку странските јазици“ подготвен и реализиран од страна на Активот по странски јазици при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“. На овој настан учествуваа околу триесет ученици од основните училишта и се натпреваруваа во пет категории на прашања поврзани со државите во кои се зборуваат јазиците кои ги изучуваме во нашето училиште.
- По повод Патрониот празник на Гимназијата, во прекрасна атмосфера во спортската и фитнес салата, се реализираа одбојкарски натпревари во мешан состав, како и зумба активности кои привлекоа исклучителен интерес. Во активностите учествуваа одбојкарките гимназијалки и деветтоодделенците од основните училишта.
- Во чест на нашиот Патрон се објави и четвртото специјално издание на нашиот е-весник „Гимназијалец“ подготвен од членовите на Медиумскиот клуб, техничкиот уредник Кристијан Мартинов и главниот уредник проф.Магдалена Сарагинова.
- **Ликовна изложба** „Рацин во срце те носиме“ подготвена од учениците од трета и четврта година при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ под менторство на професорката по Ликовна уметност, Јулијана Михова.
- Во уметничкиот дел беа интонирани химната на нашето училиште „Копачите“ и химната на градот „Миле Поп Јорданов“ во изведба на училишниот оркестар и вокални солисти на Гимназијата, под менторство на професорот по Музичка уметност, Атанас Зафиров. **Завршната вечер традиционално беше одбележана со изведба на театарска претстава,** „Кој го уби сонцето“ напишана од ученикот Кристијан Мартинов. Подготовката и реализацијата на театарската претстава се одвиваше под менторство на професорките по Македонски јазик и литература: Александра Стојановска, Весна Павлова, Магдалена Сарагинова и Цветанка Карамаркова.

### *Професионален развој на наставниот кадар*

Училиштето како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Па така во текот на оваа учебна 2024/2025 година целокупниот образовен кадар континуирано продолжи да се надоградува и да ги проширува своите граници на знаење од својата област. На почетокот на учебната година секој наставник и стручен соработник индивидуално си изработи свој личен професионален развој и истиот го достави до стручниот тим. Врз основа на тоа оваа учебна година континуирано се надоградуваше професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар преку следниве обуки и семинари.

- ✓ Учество на сите наставници на обука за користење на интерактивна табла „Давка“ организирана од страна на нашата Гимназија и Давка .
- ✓ Во организација на ГОПА се одржа обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење, а учесници од нашето училиште беа професорите Благица Аризанова Шопов и Зоран Јованов.
- ✓ Во организација на ГОПА се одржа обука за Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи, учесници на обуката беа сите наставници;
- ✓ Во организацијан на ГОПА се одржа завршна обука за стекнување на Вештини за дигитална писменост во училница – основен модел учесници на обуката беа поголемиот број наставници;
- ✓ Во организација на ГОПА се одржа завршна обука за Инклузивна педагогија, учесници на обуката беа поголемиот број на наставници;

- ✓ Во организација на ГОПА се одржа завршна обука на тема стекнување на вештини за дигитална писменост во училница – напреден модел, учесници на обуката поголемиот број на наставници;
- ✓ Учество на кратка теоретска обука и показна вежба за евакуација во случај на кризна состојба пожар во нашето училиште. Вежбата ја раководеше професорот Мартин Димов, одговорно лице за превенција и справување со кризна состојба. На вежбата учествуваа сите наставници и ученици.
- ✓ Учество на обука од проектот Мировно образование на тема „Ментално здравје" организирано од Првата детска амбасада во светот Меѓаши одржана во хотел Дрим Струга.

  Членови на тимот на Мировно образование Магдалена Сарагинова, Валентина Р.Арсовска, Гордана Саздова.
- ✓ Учество на Зоран Јованов, наставник по Спорт и спортски активности, со трудот „OUTDOOR CAMP FOR HIGH SCHOOL STUDENTS AS A WAY FOR PROMOTING PHYSICAL ACTIVITY ANDOUTDOOR AWARENESS", учествуваше на 16. Меѓународна Научна Конференција – „Современи тенденции во физичкото образование и спортот", во организација на Софискиот Универзитет „Св. Климент Охридски" – Департмент по Спорт, која се одржа во ректоратот на универзитетот.
- ✓ Во организацијан на ГОПА се одржа обука за техники, следење и евалуација за оценување на компетенциите за клучниот кадар, учесник на обуката професор Соња Трајчева;
- ✓ Во организацијан на ГОПА се одржа завршна обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците учесници сите наставници;
- ✓ Учество на дводневен Интернационален семинар за тестирање на иновативната спортска програма која има за цел подобрување на менталното, физичкото и когнитивното здравје на адолесцентите организиран од Федерацијата на Спортските педагози на Република Македонија. Активни учесници на овој семинар од нашето училиште беа учениците Кристијан Мартинов, Петар Митревски, Славјанка Андреева и Петар Коруновски, координатор професорот Зоран Јованов, директорот Илија Попов и професорките Билјана Миланова и Благица Аризанова Шопов.
- ✓ Учество на 46та ПАН-ЕУ Конференција за Дигитално образование преставник од нашето училиште професор Благица Аризанова Шопов;
- ✓ Учествона 35-от Форум на Европската асоцијација на физичко образование ЕУПЕА - Белград, Р.Србија организран од ЕУПЕА, Факултет за спорт – Белград. Учесник на форумот од нашето училиште професор Зоран Јованов.
- ✓ Во организација на Европска фондација за обука Европска Комисија МОН – Р.С.Македонија и Заеднички истражувачки центар професорите Зоран Јованов и Благица Аризанова Шопов учествуваа на обука на тема Дигиталното образование во рамките на средните училишта во Македонија - студија SELFIEforTEACHERS - Акциски план за дигитално образование 2021-2027.
- ✓ Во организација на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Младинскиот образовен форум (МОФ), се одржа дводневна обука на која учество зема, координаторката на училиштниот новинарски клуб, наставник, Магдалена Сарагинова.
- ✓ Учество на вебвинар за измените во испитната програма за државна матура по англиски јазик организиран од ДИЦ. Учесници на вебвинарот од нашето училиште беа професорите Христина Леова и Благица Аризанова Шопов.
- ✓ Учество на професор Христина Леова на меѓународна конференција за наставници по англиски јазик организирана од ЕЛТАМ
- ✓ Учество на онлајн Меѓународни конференции одржани во Белград и Букурешт од страна на професор Бошко Караџов;

- ✓ Учество на дводневен онлајн транснационален состанок во Палермо, Италија во рамки на проектот во организација од Федерацијата на спортски педагози на Р. Македонија. Учесник професорот Зоран Јованов.
- ✓ Учество на вебвинар на тема „Препознавање и соодветна реакција на сите видови на насилство - примери и добри пракси“ организиран од Едулаб, учесници наставници и стручните соработници.
- ✓ Следење на дигитален курс на стручните соработници и дел од наставниците на тема Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава спроведени од страна на Едулаб.
- ✓ Следење на дигитален курс на стручните соработници и дел од наставниците на тема Превенција и заштита од насилство спроведени од страна на Едулаб;
- ✓ Учество на онлајн Меѓународна конференција одржана во Љубљана, Словенија од страна на професор Бошко Караџов **;**
- ✓ Учество на 36-от Форум на Европската асоцијација на физичко образование ЕУПЕА и на состанок на националните координатори на Европскиот ден на Училишен спорт во организација на унгарската федерација на училишен спорт HSSF и Универзитетот за спортски науки во Будимпешта, Унгарија. Учесник на форумот од нашето училиште беше професор Зоран Јованов;
- ✓ Учество на обука на тема „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава“ организрана од БРО. Обуката ја проследија сите наставници и стручните соработници***;***
- ✓ Учество на обука за измените во наставните планови во прва година во учебната 2025/2026 година. На обуката учествуваа сите наставници по сите наставни предмети кои ќе предаваат во прва година.

### *Работа на стручните органи и тела во училиштето*

Во текот на учебната година, Наставничките совети на паралелките, Стручните активи, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор, работеа според Годишната програма, а планираните активности за изминатиот период се во целост реализирани, за што се води уредна педагошка евиденција.

Училишната заедница активно работеше под раководство на претседателот Андреј Божиновски, а под менторство на одговорниот наставник Жанет Ј. Сарагиновски. Во текот на учебната година реализирани се повеќе активности од хуманитарен карактер, а собраните финансиски средства и материјални добра беа наменети за социјално загрозени семејства. Организирани се и успешно се реализирани и забави за учениците.

-Првенец на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес за учебната 2024/2025 година е ученикот Кристијан Мартинов од $III^{3}$ клас;
-Првенец на прва година е ученикот Ангел Димов од $I^{2}$ клас;
-Првенец на втора година е ученичката Ања Трајковска од $II^{1}$ клас;
-Првенец на трета година е ученичката Јана Пљокова од $III^{1}$ клас и
-Првенец на четврта година е ученичката Ана Бошкова од $IV^{2}$ клас а се здоби и со почесно признание за нејзината посветеност, креативност и активна вклученост во бројните училишни и вонучилишни активности.

***Соработка со стручни лица и институции***

- По повод Европската недела на мобилност, на 21 септември, во нашето училиште во фитнес и спортската сала, по вторпат бевме посетени од претставници на локалната самоуправа и претставници на компаниите „Клиничката болница „Жан Митрев”, и „Нестлѐ Адриатик д.о.о.е.л. Македонија”  кои донираа спортски реквизити и ја проследија нивната примена на часовите по спорт и спортски активност;
- Посета на театарска престава „ 4 соби“ во Народниот театарот Ј.Х.К.Џинот, Велес од страна на ученици од $I^{3}$ и $IV^{4}$ клас во придружба на прфесорот Христина Леова;
- Учество  на Промоција на книгата „Шепотено“ во организација на Европската куќа, Велес учесници ученици заедно со професор Жанет Ј. Сарагиновски;
- Учество на консултативна средба во „Европска куќа“ во Велес: од нашето училиште учествуваа учениците Михаил Здравковски, Јана Пљокова, Славјанка Андреев, Катја Зафирова, Петар Митревски и Елена Коцева  со одговорниот професор Александра Стојановска. Консултативната средба е активност во рамки на проектот „Место за растење : Општини посветени на децата” спроведуван од Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ и Центарот за семејно и детско згрижување КМОП. На оваа средба децата ги изнесоа своите размислувања , идеи и потреби во секојдневниот живот и ги адресираа до Општина Велес.
- Учество на Промоција на романот „Се уште можам нешто да сторам“ од Фросина Пармаковска, одржана во  Локална библиотека „Гоце Делчев“ – Велес. Учесници од нашето училиште ученици заедно со професор Весна Павлова;
- Учество на настан одржан во Младинскиот парк во Велес организиран од Здружението на математичари – Велес, кој е дел од кампањата „ Денови на донирање“ спроведена од Конект со поддршка на УСАИД. На настанот учествуваа ученици од основните и средните училишта од општина Велес и општина Чашка. Од нашето училиште активно учество земаа учениците од прва година: Михаел Наунчев, Иван Трајчевски, Уна Иванова и Димитар Кузманов. На овој настан, преку дружење, интерактивни математички игри, учениците докажаа дека математиката може да биде интересна и забавна;
- Гимназијалците од општествено – хуманистичкото подрачје заедно со професорот по право ПалеТрпкова, го посетија Собранието на Република Македонија  и имаа можност да се запознаат со историјата на зградата, внатрешноста и најрепрезентативните простории во неа, како и со организацијата и функционирањето на оваа институција.
- Во училиштето како дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ се одржаа работилници  на тема: „Превенција и справување со насилство“. Работилниците беа поддржани од проектниот партнер Прва детска амбасада  во светот Меѓаши, а нивни претставници имаа консултативна средба со членови од Советот на родители од училиштето.
- Училишната заедница, при СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, по повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, организираше Донаторска акција под мотото: „Вашата донација, некому значи“, кон која се придружи Inner Wheel Club Veles – District 255 и Наставничкиот совет на училиштето.
- Како дел од активностите на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво, во нашето училиште се одржа предавање на тема „Безбедноста во сообраќајот“. Предавањето го одржаа претставници од СВР Велес, а на истото присуствуваа учениците од четврта година и одговорниот наставник Весна Павлова;

- По повод одбележувањето на 5-ти Декември, Меѓународниот Ден на волонтерството, нашето училиште се закити со две благодарници. Благодарница на СОУ „Гимназија Кочо Рацин"– Велес за поддршка и реализација на активностите на Црвен крст на Република Македонија, и индивидуална благодарница за ученикот Филип Настов за поддршка и реализација на активностите на Црвен крст на Република Македонија, Општинска организација Велес;
- Во рамките на кампањата „Петарди не, безбедност пред сè", од доктор на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија и СВР – Велес, во нашето училиште за учениците од прва година се одржа предавање на тема „Петарди не, безбедност пред сè". Тие, присутните ученици ги запознаа со несаканите ефекти и последиците од користењето на пиротехнички средства истакнувајќи дека нивното користење е строго забрането, а празничното пукање со петарди може да биде исклучително опасно по животот и здравјето, оставајќи тешки последици врз животот на младиот човек.
- Учениците од општествено – хуманистичкото подрачје, беа во посета на Собранието на Р.С. Македонија и имаа можност да се запознаат со историјата на зградата, внатрешноста и најрепрезентативните простории во неа, како и со организацијата и функционирањето на оваа институција.
- Учениците од нашата Гимназија беа во посета на велешката касарна „Алексо Демниевски – Бауман" каде што им беше презентирана опремата, вооружувањето на Армијата и оклопните возила. Учениците присуствуваа и на презентација на дел од активностите на единицата за обука и дресура на служнени кучиња.
- Учениците од трета година од општествено - хуманистичко подрачје, група А, при СОУ „Гимназија Кочо Рацин" - Велес, реализираа едукативна посета во Основниот суд во Велес. Целта на оваа посета е запознавање со работата на судот, судските постапки, како и да се поттикне нивната свест за правда и правниот систем во државата.
- Ученици на Гимназијата, љубители на седмата уметност, учествуваа на 15. Филозофски филмски фестивал во рамките на Едукативната програма и настанот Средношколска видео лектира. Оваа година, благодарение на соработката со Шпанската амбасада во Скопје, учениците го погледнаа филмот „Во длабокото" (Mar Adentro, 2004), од режисерот Алехандро Аменабар.
- Ученици од нашето училиште беа во посета на Интернационалното средно училиште „Нова" во скопје и учествуваа на кариерно советување на кое говореа стручни лица и професионалци од повеќе области како што се: медицината, архитектурата, информатиката, маркетингот, инженерството и екологоијата. Учениците активно се вклучија во дискусиите.
- Гимназијата во соработка со Општинската организација на Црвен крст – Велес и Институтот за трансфузиона медицина од Скопје, ја организираа традиционалната пролетна крводарителска акција, која се одржа во нашето училиште. На истата својата крв ја даруваа дваесет и два ученика, дел од професорите и соработници на Гимназијата.
- На покана од Државниот универзитет во Тетово, учениците од $IV^5$ клас со класниот раководител Атанас Зафиров при СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес присуствуваа на отворениот ден и промоција на студиската програма.
- Гимназијалците го посетија Саемот на книгата кој се одржа во спортската сала Борис Трајковски во Скопје и се запознаа со најновите изданија на македонските издавачки куќи, како и со големиот број на странски изданија, научна и стручна литература, белетристичка, графички романи, манги и сл. Учениците имаа можност да ги пополнат нивните полици со изданија кои го предизвикаа нивното читателско љубопитство.

- На покана на ООУ „Кирил и Методиј" – Велес, а  по повод Патрониот празник на училиштето, учениците од билингвалната паралелка успешно ја реализираа пешачката т.н. „хикинг" тура која започна  од училиштето „Кирил и Методиј" до врвот на ридот Вршник и обратно. Оваа активност се реализираше во рамките на спортските проектни активности на нашето училиште.
- Во Европската куќа во Велес, претставниците на Локалниот младински совет заедно со млади од Велес, меѓу кои и ученици од Гимназијата, присуствуваа на средба со Амбасадорот на Европската Унија во нашата земја – Н.Е. Михалис Рокас. На средбата присутните разговараа за предизвиците со кои се соочуваат во локалната заедница, споделуваа свои идеи за иднината на градот Велес и регионот, како и за тоа што претставуваат европските вредности за нив.
- СОУ „Гимназија Кочо Рацин '' – Велес беше  гостин на 80 години  јубилејното одбележување на ООУ „Кочо Рацин'' - Нов Дојран. Гимназијалците ја претставија нашата Гимназија на јубилејната програма под мотото: „Почит кон минатото - инспирација за иднината". Свој настап имаа учениците Лана Басаров и Кристијан Мартинов кои преку својата интересна интерпретација ги поттикнаа гостите со нетрпение да очекуваат да присуствуваат на утрешниот настап со претставата „Штрајкот на велешките Гимназијалци'' заедно со учениците: Филип Настов, Изабела Жабева, Ива Ракиџиева и Матеј Славески.  На манифестацијата учениците имаа чест да се сретнат со еден од иницијаторите на овој настан, познатиот актер, Игор Џамбазов и да ги споделат своите искуства како актери од нашата Гимназија.  Подготовката за настанот и организацијата на истиот е под менторство на професорките Цветанка Карамаркова и Весна Павлова и директорот Илија Попов.
- Во  „Европска куќа” Скопје се одржа завршна конференција во рамките на проектот „РАСТЕМЕ ЗАЕДНО : ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА”. На истата беа презентирани резултатите, извадоци од снимени подкасти: клучни теми споделени со децата. Подкасти снимија нашите ученици Михаил Здравковски од I$^{2}$  клас, Јана Пљокова од III$^{1}$ клас и Кристијан Мартинов од III$^{3}$ клас. Имено децата да го искажат своето мислење, искуства и предлози поврзани со детските права; безбедноста во нивната заедница; идеи за подобра иднина за сите деца. Учениците се подготвија во соработка со професорот по македонски јазик и литература, Александра Стојанова.

### *Едукација на учениците преку работилници*

- Во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина",се спроведе обука за ученици – врснички едукатори од страна на стручните соработници во нашето училиште. Според концептот на врсничката едукација, акцент се стави на подобрување и развој на капацитетите кај учениците за препознавање на формите и превенција од насилството во училиштата.
- Одржана интегрирана настава на тема „Здрава храна, компоненти во исхраната и калории". Наставниот час се реализираше со учениците од билингвалната паралелека, така што се направи корелација помеѓу наставните предмети по Англиски јазик со професор Благица Аризанова Шопов  и Спорт и спортски активности со професор Зоран Јованов.
- Учество на книжевна работилница со автор Наташа Брезовска –Богоевска одржана во училишната библиотека . На истата земаа учество нашите ученици од III$^{1}$ и III$^{2}$ клас, што имаат избрано проектна активност – Литературни клубови и драмски

секции.Тема на работилницата беше дискусија за расказите од збирката „Нишки до срцата”од Наташа Брезовска – Богоевска. Учениците темелно ги коментираа расказите и ги презентираа своите ставови за големата креативност на авторката, со малку зборови да каже многу.Нејзините раскази се драгоцен придонес кон македонската белетристичка литература;

- Наши ученици со одговорниот професор ЖанетЈ.Сарагиновски беа дел од интерактивна работилница и дискусија на тема „Кариерно советување и доживотно учење“ организрана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во соработка со Europe House Велес по повод Денови на Erasmus+ програмата во месец октомври.
- Оддржана интегрирана настава по наставните предмети Англиски јазик и Биологија со учениците од билингвалната паралелка. Се реализираше наставната единица „Боите на природата“, во корелација со предвидените ЕКО содржини. Часот се реализираше од страна на проф.Благица Аризанова Шопов и проф. Силвана Печкова;
- Интегрирана настава по наставните предмети Англиски јазик и Ликовна уметност со учениците од билингвалната паралелка на тема „Боите на природата“. Часот се реализираше од страна на проф.Благица Аризанова Шопов и проф.Јулијана Минова;
- Интегрирана настава по наставните предмети Англиски јазик и Географија со учениците од билингвалната паралелка на тема „Ниво на океани, корални гребени, еко системи, корали, конзервација, деструкција, загрозени видови, глечери, пештери, заливи, брегови, дождовни шуми, извори, струи. Временски непогоди“. Часот се реализираше од страна на проф.Благица Аризанова Шопов и проф.Славица Спасевска;
- Ученици од билингвалната паралелка, под менторство на проф. Благица Аризанова Шопов, го одбележаа празнувањето на Halloween. Истовремено учениците се претставија и со активности од проектот Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИО) посветени на запознавањето на културата и историјата на празникот;
- Гимназијалците од општествено - хуманистичкото подрачје, под менторско водење на професорот Бошко Караџов, учествуваа во едукативната активност од областа на правната етика насловена како „Мојот антикорупциски дневник“ во организација на ОЈО, Фондацијата ИДЕА и е-медиумот ВИДИ ВАКА. Во рамките на активноста, во просториите на Основното јавно обвинителство – Скопје, беше одржана првата од трите работилници, каде средношколците од одбраните и селектирани училишта од државата, на еден интерактивен начин се запознаа со корупцијата како најгорливиот проблем на нашето општество и се стекнаа со знаења и вештини за нејзино препознавање и справување.
- Учество на гимназијалците во иновативната едукативна програма од областа на социологијата на масовните медиуми, медиумската етика и новинарството „Спинокио“, организирана од е-медиумот ВИДИ ВАКА, фасилитирана и ко-реализирана од предметниот професор д-р Бошко Караџов. Во рамките на едукативната програма, беше одржана првата работилница од областа на медиумската писменост и критичкото мислење од страна на организаторот.
- Во рамки на проектот Ментално здравје во нашето училиште од страна на стручните соработници се реализираа неколку работилници со учениците на следните теми: „Саморегулација“, „Самоконтрола“, „Справување со лутина“, „Справување со тешки искуства“, и „Справување со емоции“.
- Во периодот од 4 до 11 декември 2024 година, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во нашето училиште се одржаатри работилници со ученици од прва, втора и трета година од страна наврснички едукатори на тема: „Превенција и справување со насилство“. Работилниците беа поддржани од проектниот партнер Прва детска амбасада во светот Меѓаши, Во улога на врснички едукатори беа вклучени следниве ученици: Елена Сараулева, Матеј Славески, Лилјана

Андовска, Лили Божиновска, Елена Наковска, Јана Пљокова, Јована Благодовска, Филип Јанев, Петар Коруновски, Андреј Божиновски, Петар Миров, Константин Коцев, Албина Јашари и Афердита Јонузи. Според концептот за врсничка едукација, нашите врснички едукатори ставија посебен акцент на подобрување и развој на капацитетите кај учениците за препознавање на формите на насилство и испратија порака до своите врсници: „Отворената комуникација е најдобриот и најбрзиот пат кој води до ставање крај на врсничкото насилство“!

- Учество на работилница на тема: „Безбеден интернет“ во рамките на наставата по Информатика во нашата Гимназија, реализирана од стрнаа на тим од Воената академија која е реализатор и на проектот MK Safe NET, под покровителство на Министерството за дигитална трансформација, кој има за цел да обезбеди побезбедно дигитално искуство за учениците, родителите, наставниците и старателите, истовремено нудејќи алатки и знаење за одговорна навигација во дигиталните технологии. Учениците беа запознати со механизмите за поддршка на жртвите на сајбер-малтретирање и оние од обесправените и ранливи средини, вклучително и децата со посебни потреби.
- Интерактивна игра по предметот Физика на англиски јазик, помеѓу учениците од прва година. Овој настан беше организиран со цел да се поттикне интересот за науката, особено за физиката, и истовремено да се подобрат јазичните вештини на учениците, преку практична примена на англискиот јазик. Во текот на играта, учениците имаа можност, на креативен и забавен начин, да го демонстрираат своето знаење од областа на физиката. Покрај тоа, тие го истакнаа својот натпреварувачки дух, покажувајќи тимска работа и вештини за решавање на проблеми. Настанот се одвиваше во позитивна атмосфера во која учениците активно учествуваа, учејќи преку игра и интеракција со своите соученици.
- Учество на книжевната работилница која се одржа во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ – Велес учество земаа и ученици од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес. Темата на работилницата беше дискусија за книгата „Кротка“ од писателот Фјодор М. Достоевски, а координатор на истата беше Наташа Брезовска – Богоевска.
- По повод Денот на жената, ученици од четврта година од нашата Гимназија учествуваа во работилница која се одржа во Европска куќа во Велес. Учениците слушнаа инспиративни приказни од четири неверојатни жени,секоја лидер во својата област. Учениците кои беа дел од настанот имаа можност лично да разговараат со секоја од говорничките, да постават прашања и да добијат корисни совети за нивниот кариерен пат.
- Учениците од четврта година заедно со професорката Цветанка Карамаркова на час по Македонски јазик и литература, имаа чест да го запознаат македонскиот и велешки писател Анде Јанков, кој со нив сподели свое видување за современиот македонски роман, содржина опфатена во темата „Македонски роман“ која е дел од годишната програма за четврта година за гимназиско образование.
- Учениците од четврта година од јазично – уметничкото подрачје заедно со професорката Весна Павлова на часот по Драмска уметност имаа чест да реализираат нагледен час со Ненад Витанов, режисер во Народниот театар „Ј.Х.К. Џинот“ во Велес. Ненад со свое излагање за режисерската улога, ги запозна учениците со процесот на работа на режисерот и неговите соработници во театарот.
- Учество на креативен, стимулативен и едукативен нагледен час кој ги спои учениците од Гимназијата со претставници од групата за шпански јазик и книжевност при катедрата за романски јазици и книжевности од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“- Скопје. Со своето присуство ги почестија проф. д-р Сања Михајловиќ – Костадиновска, лектор, м-р Гиљермо Грасија

Сола и Дамјан Ристов студент од втора година на групата за шпански јазик и книжевност. Часот започна со кратка презентација од страна на претставниците на факултетот, а потоа со интерактивен квиз на шпански јазик со кој се вклучија и учениците во обострана дискусија. Во вториот дел од часот активно учество завземаа и учениците Теодора Панова и Владимир Митревски од $2^2$ клас, како и Василка Карталова и Викторија Трајковска од $4^1$ клас. Тие самостојно изработија презентација во два дела. Во првиот дел се презентираше делото „Дон Кихот“, а во вториот дел присутните ученици поделени во групи учествуваа во интерактивна работилница со која се обработуваше тематиката на делото. Учениците се подготвуваа под менторство на професорките по Македонски јазик и литература Цветанка Карамаркова, Магдалена Сарагинова и Весна Павлова и психологот Анита Смилевска.

- Со цел запознавање и информирање на учениците од четврта година со Програмите, условите и начинот на студирање, презентација извршија повеќе факултети.
- Со реализација на работилницата под името „Боите на различноста“ започна интеркултурниот проект како дел од ПХВ програмата на Црвен крст – Велес. На работилницата учествуваа ученици од билингвалната паралелка и паралелката со настава на албански јазик од прва година во Гимназијата. Активноста започна со „Ice Breaker“ за подобро меѓусебно запознавање и опуштање, а потоа следуваше играта „Асоцијација“. На крајот од работилницата се одржа презентација со цел учениците да се запознаат со мисијата и активностите на Црвен крст – Велес.
- Учество на креативен, стимулативен и едукативен нагледен час по предметот Хемија со учениците од $I^2$ клас и професор Петранка Стојанова.
- Деновите на германскиот филм за деца и млади во периодот од 20 до 31 мај 2025 година, ги одбележа и учениците од СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес. На часот по германски јазик во реализација на професорката Жанет Јанев – Сарагиновски, учениците го проследија филмот за млади, комедијата „Hilfe, wir sind offline!“.
- Во склоп на интеркултурниот проект „Боите на различноста“ како дел од програмата на Црвен крст, во нашето училиште се одржа креативна и инспиративна мултикултурна работилница, на која учесниците имаа можност да се поврзат преку игри, соработка и креативен израз, во духот на културната разноликост и меѓусебното почитување. Работилницата започна со играта „Јазичен маратон“ а потоа продолжи со креативната активност „Пејзаж“. Изработките на учениците беа уникатни, полни со боја, симболика и заедничка енергија.

## II. Сознанија за инкорпорирање на Мисијата во тековната година

Нашиот високо стручен наставен кадар во соработка со стручните соработници во училиштето секојдневно ја восприемува и практикува нашата мисија: Современо технолошки опремено училиште во безбедна, доверлива и компетитивна средина, кое ќе предводи во иновативната и квалитетна настава преку која ќе го гарантира акдемскиот и општествен успех на учениците, ќе ги подготвува за продуктивна ангажираност во глобалниот свет и низ високи стандарди и големи очекувања, ќе ги негува и поттикнува научната љубопитност, општествената одговорност, спортските игри и културната продукција кај учениците.

## III. Проекција за Визијата во тековната година

Тимот добро ја познава визијата на училиштето и перманентно се залага за нејзино реално остварување во: Современа институција со високи воспитно-образовни стандарди, училиште за постојан развој на учениците и нивно оспособување за професиите на иднината кои подразбираат: критичко мислење, широки знаења, аналитички и логички дух, креативна имагинација, комуникациски вештини, лидерски способности, тимска соработка и заедничко делување.

## IV. Подрачја на промени и приоритети

Анализирајќи ги силните и слабите страни на нашето училиште, расположливите ресурси и неговото окружување, а имајќи ги во вид дефинираната мисија и воспоставената визија, се фокусиравме на определување на потребите во следните подрачја :

- **Учење и настава**
- **Поддршка на учениците**
- **Училишна клима**

Реализацијата на приоритетите, целите, задачите и активностите во согласност со Планот за евалвација на Годишната програма за работа на училиштето и динамиката на реализација се имплементирани во Годишниот извештај за работата на училиштето.

## План за евалуација

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1: Подобрување на успехот и редовноста на учениците** | | | | | |
| **Цел 1.1.** | **Унапредување на квалитетот на наставата со примена на иновативни методи и техники за учење** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.1.1.** | **Воведување на различни едукативни игри во рамките на наставните предмети** | 2022/26 | Б .Караџов | К | Зголемена мотивираност и вклученост на учениците, како и намалени негативни чувства и психички состојби на учениците |
| А 1.1.1.1. | Запознавање на Наставничкиот совет за примена на методи за настава со употреба на игра и играње (гејмификација) | IX 2022 | Б. Караџов | И | Индивидуално следење на учениците, структурирани интервјуа и општ прашалник |
| А 1.1.1.2. | Размена на искуства и идеи (стручни активи, стручна служба…) | 2022/26 | Претседател на СА | Н | Носител на задачата |
| А 1.1.1.3. | Изработка на планирање по наставните предмети со примена на едукативни активности преку игра | 2022/26 | Претседател на СА, наставниците | В | Јуни |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.1.2.** | **Поттикнување и развивање на вештини за 21. век** | 2022/26 | Т. Чипевска, Педагог | К | Усвојување и примена на аналитички вештини за 21. век од страна на учениците |
| А 1.1.2.1. | Запознавање на Наставничкиот совет за дизајнирање лекции со учење засновано на задачи, учење засновано на проекти и стратегија за визуелно размислување | 2022/26 | Т. Чипевска, | И | Индивидуално и групно следење на учениците, тестови на проверка на конкретните вештини и сл. |
| А 1.1.2.2. | Организирање на дисеминација на обуката од Еразмус + | 2022/26 | Т. Чипевска, | Н | Носител на задачата |
| А 1.1.2.3. | Изработка на планирање по наставните предмети со примена на нови методи и техники | 2022/26 | Претседател на СА, наставниците | В | Јуни |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.1.3.** | **Подготовка на отворени часови во рамките на стручните активи** | 2022/26 | П. Стојанова | К | Изработка и реализација на отворени часови во рамките на промотивните активности |
| А 1.1.3.1. | Избор на наставни содржини за подготовка на отворен час | 2022/26 | Претседател на СА | И | Извештај за спроведени активности од страна на наставниците -носители на активноста |
| А 1.1.3.2. | Избор на едукативна социјална игра | 2022/26 | Претседател на СА | Н | Носител на задачата |
| | | | | В | Јуни |
| А 1.1.3.3. | Реализација на отворениот час | 2022/26 | Претседател на СА, членовите | | |
| А 1.1.3.4. | Анализа на отворените часови и нивна популаризација | 2022/26 | Претседател на СА, членовите | | |

| | Содржина | Време на реализација | Носители | | Критерим за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задача 1.1.4.** | **Унапредување и интензивирање на едукативните игри кои ќе се користат во рамките на промотивните активности на училиштето** | 2022/26 | Б. Караџов | К | Учество на сите наставници во активности што ќе овозможат реализација на поставени цели |
| А 1.1.4.1. | Учество во гејмификацискиот проект „Спинокио“ | 2022/26 | Претседател на СА | И | Анкета, план за реализација на активности, самоевалвација |
| А 1.1.4.2. | Организација на меѓукласни натпревари и турнири во училиштето | 2022/26 | Претседател на СА | Н | Носител на задачата |
| А 1.1.4.3. | Организација на турнири во основните училишта | 2022/26 | Претседател на СА | В | Јуни |
| **Согледување**: Со реализација на нагледни часови со примена на едукативните игри и дизајнирање лекции со учење засновано на задачи, учење засновано на проекти и стратегија за визуелно размислување и со размената на искуства во рамките на стручните активи, се зголемува професионалната одговорност и се подобрува колегијалната соработка на наставниците со што се влијае на унапредување на квалитетот на наставата, зголемена мотивираност и вклученост на учениците, усвојување и примена на аналитички вештини за 21 век и намалени негативни чувства и психички состојби на учениците. | | | | | |
| **Цел 1.2.** | **Зголемување на воспитната улога на училиштето** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | | **Критерим за успех** |
| **Задача 1.2.1.** | **Унапредување на општите вредносно-воспитни навики и практики на учениците** | 2022/26 | Б. Караџов | К | Усвоени позитивни вредносно-воспитни навики и зголемено ниво на култура на однесување и свест за одговорно општествено делување |
| А 1.2.1.1. | Запознавање на Наставничкиот совет за потребата од фокусирање на принципите на современото воспитание: мировно, еколошко, родови и технолошко воспитание | 2022/26 | Б. Караџов | И | Индивидуално и групно следење на учениците,статистичка евиденција на поведението, споредбени анализи,интервјуа и разговори со учениците |
| А 1.2.1.2. | Организирање на интерни работилници за методичка доедукација | 2022/26 | Претседател на СА | Н | Носител на задачата |
| | | | | В | Јуни |
| А 1.2.1.3. | Изработка на планирање по наставните предмети со зголемување на воспитните компоненти | 2022/26 | Претседател на СА, наставниците | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | | **Критерим за успех** |
| **Задача 1.2.2.** | **Развивање на граѓанско-политички воспитни навики и демократска култура кај учениците (мирољубивост, толеранција, разбирање и прифаќање на другите, дијалог и соработка)** | 2022/26 | Стручни соработници | **К** | Зголемена граѓанска свест и политичка култура на однесување и општествено делување |
| А 1.2.2.1. | Интензивирање на часовите со примена на прирачникот за ОЖВ | 2022/26 | Класните раководители | **И** | Индивидуално и групно следење на учениците, анализа на активности и општи прашалници за стекнати знаења |
| А 1.2.2.2. | Организирање и реализирање на работилници со стручни лица и врснички едукатори | 2022/26 | Носител на задачата со | **В** | Јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | предметни наставници | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.2.3.** | **Унапредување на еколошката култура на однесување и делување на учениците** | 2022/26 | Е. Николовска | **К** | Зголемена еколошка и био-етичка свест кај учениците |
| А 1.2.3.1. | Изработка на планирање со нагласување на еко-стандардите | 2022/26 | Претседател на СА | **И** | Квантитативна анализа на еколошки активности, општи тестови за проверка на знаењата од областа на заштитата на животната околина |
| А 1.2.3.2. | Организирање на активности во согласност со Еко-програмата на училиштето за здрава животна средина | 2022/26 | П. Стојанова, членовите на Еко-одборот | **Н** | Носител на задачата |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.2.4.** | **Зголемување на информатичко-комуникациската култура на учениците** | 2022/26 | Г. Саздова | **К** | Поголема дигитална култура и зголемена свест кај учениците за потребата од воспитно-културни практики поврзани со новата технологија и социјалните мрежи |
| А 1.2.4.1. | Изработка на правилници и кодекси | 2022/26 | Претседател на СА | **И** | Индивидуално и групно следење на учениците, структурирани интервјуа и разговори, како и општи прашалници за нивото на познавање на одговорностите и предизвиците на младиот човек со технологијата |
| А 1.2.4.2 | Организирање на панел дискусии за сајбер култура, медиумска етика во рамките на часовите по македонски јазик, информатика, етика | 2022/26 | Наставниците по наставните предмети | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.2.5.** | **Унапредување на родовата култура и однесување на учениците и унапредување на нивната свест и одговорност** | 2022/26 | П. Трпкова | | Зголемено ниво на разбирање и почит кон спротивниот пол и кон другите родови идентитети |
| А 1.2.5.1. | Реализација на методички работилници во рамките на часовите по општествените и природните науки, со акцент на почит меѓу половите, љубов и родова одговорност, хигиена, заштита, сексуалност и репродукција | 2022/26 | Наставниците по наставните предмети | | Индивудуално и групно следење на учениците, извештаи, анкети, прашалници и интервјуа и фокус групи |
| А 1.2.5.2 | Реализација на предавања и работилници со стручни лица и институции | 2022/26 | Р. Ивчева | | |

**Согледување:** во рамките на редовните часови кои ги опфаќаат горespоменатите теми, како и во рамките на проектните активности се влијаеше на зголемување на нивото на разбирање, почит кон спротивниот пол и другите родови идентитети. Исто така, се влијаеше на поттикнување на чувството за безбедна комуникација во информатичката сфера.

| Цел 1.3. | Јакнење на интересот за науката, културата и спортот кај учениците | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.3.1.** | **Мотивирање на учениците за поголема вклученост во додатната настава и учество во натпревари од областа на оптшествените и природните науки** | 2022/26 | М. Стојановски | **К** | Зголемен интерес и вклученост на учениците во овој вид настава |
| А 1.3.1.1. | Идентификување на учениците со посебни интереси и натпросечни резултати по определени наставни предмети | 2022/26 | Предметни наставници | **И** | Извештаи на наставниците кои спроведуваат ваков вид настава, споредбени анализи на реализација, прашалници за мерење на мотивираноста на учениците и сл. |
| А 1.3.1.2. | Учество на учениците при подготовката на Програмата за додатна настава | 2022/26 | Предметни наставници | **Н** | Носител на задачата |
| А 1.3.1.3. | Индивидуален пристап кон Програмата според афинитетите, способностите и интересите на учениците | 2022/26 | Предметни наставници | **В** | Јуни |
| А 1.3.1.4. | Јавно промовирање на постигнувањата на учениците и менторите | 2022/26 | Предметни наставници | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.3.2.** | **Поттикнување на креативното изразување на учениците** | 2022/26 | Х. Леова | **К** | Зголем број на активности од областа на креативните уметности, како и зголемен квалитет на креативните содржини |
| А 1.3.2.1. | Организирање на културно-литературни настани | 2022/26 | Актив по мајчин јазик | **И** | Извештај на наставниците за количеството на ваков вид настани, квалитативна анализа на активност на содржините (песна, поетска творба и сл.) и друго. |
| А 1.3.2.2. | Подготовка на музичко-сценски изведби | 2022/26 | А. Зафиров | **Н** | Носител на задачата |
| А 1.3.2.3. | Организирање на ликовни работилници, изложби | 2022/26 | Ј.Михова | **В** | Јуни |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 1.3.3.** | **Зголемување на интересот на учениците за спорт и спортски активности** | 2022/26 | Славчо Давитковски | К | Зголемен број на спортски настани и активности |
| А 1.3.3.1. | Планирање на активности во рамките на редовната настава и проектните активности во согласност со афинитетите на учениците | 2022/26 | Предметните наставници | И | Извештај и анализа на наставниците кои ја спроведуваат оваа активност |
| А 1.3.3.2. | Организирање на спортски натпревари во секоја дисциплина на ниво на училиште | 2022/26 | Предметните наставници | Н | Носител |
| А 1.3.3.3. | Учество во организирани спортски натпревари на општинско, зонско и државно ниво | 2022/26 | Предметните наставници | В | Јуни |
| А 1.3.3.4. | Промовирање на постигнатите резултати | 2022/26 | Предметните наставници | | |

**Согледување**: преку редовната настава и воннаставните активности, учениците се поттикнуваа за вклучување во разни натпревари и манифестации од областа на креативните уметности, општествените и природните науки, како и спортските натпревари и настани.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 2: Севкупна грижа за учениците** | | | | | |
| **Цел 2.1.** | **Следење и поттикнување на напредокот кај учениците** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 2.1.1.** | **Вклучување на самите учениците при процесот на формативно (тековно) следење на нивниот напредок** | 2022/26 | Д.Тевчева | **К** | Мотивирани ученици, свесни за својот напредок, зголемен интерес и вклученост на учениците во формативното оценување |
| А 2.1.1.1. | Изработка на планирање по наставните предмети кои поттикнуваат поставување ефективни прашања и дискусија кај учениците, како и навремено давање конструктивна повратна информација од страна на наставникот | 2022/26 | Предметни наставници | **И** | Индивидуално следење на учениците и нивниот напредок,, статистичка евиденција на успехот, споредбени анализи, интервјуа и разговори со учениците и сл. |
| А 2.1.1.2. | Вклученост на учениците при изработка на инструменти за формативно следење на напредокот (чек-листи, прашалници, бележници, прашања, анкети, квиз) | 2022/26 | Предметни наставници | **Н** | Носители на задачата |
| А 2.1.1.3. | Планирање на самооценување и заемнооценување во наставата | 2022/26 | Предметни наставници | **В** | Јуни |
| **Задача 2.1.2.** | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците преку ученички портфолија** | 2022/26 | Стручни соработници | **К** | Документирани знаења и вештини за секој ученик по различни предмети, развивање способности за саморефлексија и самовреднување, како и преземањеодговорност за сопственото учење инапредување |
| А 2.1.2.1. | Договор во рамките на стручните активи во врска со структурата, содржината и целта на ученичкото портфолио кое наставниците ќе го користат во наставата | 2022/26 | Претседатели на СА | **И** | Индивидуално следење на напредокот на секој ученик по секој наставен предмет од секој предметен наставник преку ученички портфолија |
| А 2.1.2.2. | Вклучување на учениците во составувањето на портфолијата | 2022/26 | Предметни наставници | **В** | Јуни |
| **Задача 2.1.3.** | **Идентификување на учениците со тешкотии во учењето како и на надарените ученици и нивна континуирана поддршка** | 2022/26 | Предметни наставници | **К** | Зголемен интерес и вклученост на учениците во додатна и дополнителна настава |
| А 2.1.3.1. | Изработка на индивидуални планирања (програми) за учење во рамките на стручните активи за работа со надарени ученици | 2022/26 | Претседател на СА, предметни наставници | **И** | Извештаи на наставниците кои спроведуваат ваков вид настава, споредбени анализи на реализација на овој вид настава, прашалници за мерење на мотивираноста на учениците за овој вид настава и сл. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| А 2.1.3.2. | Развивање на систем на мотивациони постапки, кои ќе бидат во функција на севкупниот развој на надарените ученици | 2022/26 | Стручни соработници наставници | **Н** | Носители на задачата |
| А 2.1.3.3. | Изработка на индивидуални планирања (програми) за учење во рамките на стручните активи за работа со ученици кои имаат потешкотии со процесот на учење | 2022/26 | Предметни наставници | **В** | Јуни |
| А 2.1.3.4. | Акцентирање на индивидуализирана настава, користење на соодветни методи и форми за надминување на потешкотиите при совладување на наставниот материјал | 2022/26 | Предметни наставници | | |
| **Задача 2.1.4.** | **Мотивирање на учениците за активна вклученост во наставни и воннаставни активности и поттикнување одговорност за сопственото учење** | 2022/26 | Б. Миланова | **К** | Зголемен број на активности во редовната настава и надвор од неа кои поттикнуваат креативност и одговорност за учење |
| А 2.1.4.1. | Индивидуален пристап и планирање на активности во редовната настава и воннаставни активности кои поттикнуваат поголема вклученост на учениците и се во согласност на нивните афинитети, способности и интереси | 2022/26 | Стручни активи, проектни активности, предметни наставници | **И** | Извештај на наставниците за количеството на ваков вид настани, квалитативна анализа на активност на содржините |
| А 2.1.4.2. | Создавање, следење и евалуација на „План за личен раст на ученикот“ | 2022/26 | Стручна служба, предметни наставници | **В** | Јуни |
| **Задача 2.1.5.** | **Афирмирање на учениците преку воннаставните активности** | 2022/26 | | **К** | Зголем број на активности за промоција на учениците и училиштето, задоволни и самоуверени ученици |
| А 2.1.5.1. | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | 2022/26 | Предметни наставници | **И** | Извештај и анализа на наставниците кои спроведуваат воннаставни активности |
| А 2.1.5.2. | Промовирање и истакнување на најдобрите резултати преку социјалните мрежи и други медии за презентирање и афирмирање на учениците и училиштето | 2022/26 | Предметни наставници, Тим за промоција на училиштето | **В** | Јуни |

**Согледување***:* мотивирани ученици со развиени вештини по различни предмети, со способност за саморефлексија и самовреднување, како и преземање одговорност за сопственото учење и напредување.

| **Цел 2.2.** | **Поддршка на учениците од социјално-ранливи категории** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | | **Критерим за успех** |
| **Задача 2.2.1.** | **Идентификување на учениците од социјално-ранливи категории** | IX 2022 - VI 2023 Континуирано до 2026 | Стручни соработници | **К** | Протокол за следење(опсервација,проценка) |
| А 2.2.1.1. | Информирање на стручните соработници од класниот раководител за ученик од социјално-ранлива категорија во паралелката | | Стручни соработници, класен раководител | **Н** | Носители на задача |
| А 2.2.1.2. | Проценка на социо-емоционалната состојба на ученикот | | Стручни соработници | **И** | Протокол за следење (опсервација, проценка) |
| А | Дополнителна поддршка на учениците од социјално- ранлива | IX 2022 - VI 2023 | Стручни | **И** | Записник од одржани разговори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1.3. | категорија од страна на стручните соработници | континуирано | соработници | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критериум за успех** | |
| **Задача 2.2.2.** | **Инклузираност на учениците во наставни и воннаставни активности** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Предметни наставници | **К** | Календар со предвидени работилници, предавања |
| А 2.2.2.1. | Организирање и реализирање на интерни активности (предавања, работилници) | | | **И** | Календар со предвидени работилници, предавања |
| А 2.2.2.2. | Вклучување на учениците од социјално-ранлива категорија при реализирање на воннаставни активности | | | | |
| А 2.2.2.3. | Учество на учениците во проекти од МОН, НВО | | | **И** | Изготвени и аплицирани проекти |
| **Задача 2.2.3.** | **Дополнителна поддршка од училиштето за учениците од социјално-ранливи категории** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Директор, стручни соработници, наставници | Носители на задача | |
| А 2.2.3.1. | Континуирано следење и поддршка на учениците од стручните соработници | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Стручни соработници | Записници од одржани разговори | |
| А 2.2.3.2. | Континуирана поддршка од класниот раководител | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Класен раководител | Носител на задача | |
| А 2.2.3.3. | Следење на успехот и поведението на секој класификационен период | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Директор, стручни соработници, Класен совет | Записници од класен совет | |
| А 2.2.3.4. | Дополнителна поддршка од наставниците во текот на наставниот процес | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Стручни соработници, предметни наставници | Носители на задача | |
| **Задача 2.2.4.** | **Отвореност за соработка на училиштето со родителите на учениците од социјално-ранливи категории** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Директор, стручни соработници, наставници | Носители на задача | |
| А 2.2.4.1. | Континуирана поддршка на родителот од страна на училиштето | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Директор, стручни соработници, наставници | Записници од одржани разговори | |
| А 2.2.4.2. | Мотивирање на родителот за вклучување во интерни активности на училиште (предавања, работилници) | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Стручни соработници, наставници, кл. раковод. | **Н**осители на задача | |
| А 2.2.4.3. | Запознавање на родителот на правата за социјална заштита | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Соработници, наставници | **Н**осители на задача | |

**Согледување*:*** Во текот на наставната година учениците од социјално – ранливи категории добиваа континуирана поддршка од страна на стручните соработници,

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| класните раководители и наставниот кадар. Оваа група на ученици се вклучија во интерни активности кои се реализираа во училиштето, а нивните родители беа отворени за соработка во текот на наставната година. | | | | | |
| **Цел 2.3.** | **Поддршка на учениците со посебни образовни потреби** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критериум за успех** | |
| **Задача 2.3.1.** | **Обезбедување на асистивна технологија во училиштето за потребите на учениците со ПОП** | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | УИТ | **К** | Записници од УИТ |
| А 2.3.1.1. | Проценка за видот на асистивна технологија која им е потребна на учениците со ПОП за да го следат непречено наставниот процес | IX - X 2022 - 2026 | УИТ | **В** | септември, октомври |
| А 2.3.1.2. | Обезбедување средства преку донации и спонзорства за набавка на асистивна технологија | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | УИТ | **Н** | Носители на задача |
| А 2.3.1.3. | Запознавање на ученикот со ПОП со начинот на функционирање на избраната асистивна технологија | септември, октомври 2022 - 2026 | Дефектолог | **В** | септември октомври |
| А 2.3.1.4. | Запознавање на предметниот наставник со начинот на функционирање на избраната асистивна технологија | Септември, октомври 2022 - 2026 | Дефектолог | септември, октомври | |
| А 2.3.1.5. | Примена на асистивна технологија во наставниот процес | IX 2022 - VI 2023 континуирано до 2026 | Дефектолог, предметни наставници | **Н**осители на задача | |
| **Задача 2.3.2.** | **Отстранување на архитектонски бариери во училиштето** | IX 2022 - VI 2023 до 2026 | УИТ | **К** | Носители на задача |
| А 2.3.2.1. | Промовирање на целосна пристапност во училиштето | | | **Н** | Носители на задача |
| А 2.3.2.2. | Обезбедување на средства преку донации и спонзорства за поставување на пристапни рампи во училиштето | | | **Н** | Носители на задача |
| А 2.3.2.3. | Поставување на пристапна рампа до кабинетите: 001, 002, 003, 004, 005, 009 и 010 | IX 2022 - VI 2023 до 2026 | УИТ | **Н** | Носители на задача |
| А 2.3.2.4. | Поставување на пристапна рампа на службениот влез на училиштето | IX 2022- VI 2023 до 2026 г | УИТ | **Н** | Носители на задача |
| **Согледување**:Направена индивидуална проценка за функционална применливост на асистивна технологија која им го олеснува следењето на наставниот процес на учениците со посебни образовни потреби и нејзина употреба во текот на наставата.<br>Промовирана е целосна пристапност во училиштето и наоѓање на механизам за имплементирање на истата на ниво на училиште. | | | | | |
| **Приоритет 3: Градење на имиџот на училиштето во тек со современите трендови во образованието** | | | | | |
| **Цел 3.1.** | **Подобрување на професионалната и педагошката клима во училиштето** | | | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | **Критерим за успех** | |
| **Задача 3.1.1.** | Развивање и негување на добри меѓучовечки односи | 2022/2026 | Директор, Стручна служба, наставници | **К** | Препознатлива добра клима за работа |
| А 3.1.1.1. | Организирање на дружења, екскурзии, посета на театар, престави, концерти, изложби, натпревари и сл. активности за вработените во училиштето | IX 2022/2026 | Директор, Стручна служба, наставници | **И** | Анкета |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| А 3.1.1.2. | Реализација на работилница за вработените за комуникациски вештини | 2023 | Директор, Стручна служба, наставници | Н | Носител на задачата |
| А 3.1.1.3 | Засилена соработка во рамките на Стручните активи | 2022/2026 | Наставници | В | Јуни |
| **Задача 3.1.2.** | **Поддршка и промоција на постигнувањата на наставниците и учениците** | 2022/2026 | Директор, Стручна служба, наставници | | |
| А 3.1.2.1. | Редовно информирање за учеството и постигнувањата на наставниците и учениците на Наставнички совет, официјалната ВЕБ-страна на училиштето како и на фејсбук и инстаграм | 2022/2026 | Директор, администратор | | |
| А 3.1.2.2. | Доследна примена на Правилниците за избор и прогласување на најдобри ученици | 2022/2026 | Директор, Стручна служба, наставници | | |
| А 3.1.2.3. | Организиран прием на наставниците и учениците добитници на признанија или успеси значајни за афирмација на училиштето | 2022/2026 | Директор | | |
| | **Содржина** | **Време на реализација** | **Носители** | | **Критерим за успех** |
| **Задача 3.2.1.** | **Измена и дополнување на веќе посточките правилници во рамките на Куќниот ред на училиштето** | 2022/2026 | А. Смилевска С. Николовски | К | Ревидиран Куќен ред |
| А 3.2.2.1. | Формирање на тим за ревидирање на Куќниот ред од редот на наставниците, родителите и учениците | 2022 | | И | Извештај |
| А 3.2.2.2. | Прибирање на предлози и сугестии за промена | 2022/2026 | А. Смилевска С. Николовски | Н | |
| А 3.3.2.3. | Усогласување на предлозите и сугестиите со законските прописи | 2022/2026 | | В | Мај |
| А 3.2.2.4. | Утврдување на промените низ телата за одлучување во училиштето: Наставнички совет, Совет на родители, Средношколска заедница и Училишен одбор | 2026 | | | |
| **Согледување:**со предвидените активности се влијаеше на професионална добра клима за работа. | | | | | |

Годишниот извештај на училиштето е суштински документ кој овозможува да го проследиме се она што е реализирано во текот на оваа учебна година. За секое подрачје од дејноста се изработени подетални извештаи кои се дадени како прилог на овој годишен извештај. Годишниот извештај е основа од кои произлегуват нови идеи, програми, проекти и друго кои водат кон унапредување на воспитно - образовната дејност на училиштето за следната учебна година.

Директор
Илија Попов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр 02-507/7
20.08 2025 год.
ВЕЛЕС

СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес

Врз основа на член 29 и член 89-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/2010, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), член 118 став 1 алинеа 2 од Статутот на СОУ „Гимназија Кочо Рацин – Велес, Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин – Велес на својата редовна седница 9/25, одржана на ден 20.08.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Годишен извештај за воспитно-образовната работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес за учебната 2024/2025 година**

1. Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес го усвои Годишниот извештај за воспитно-образовната работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес за учебната 2024/2025 година

2. Оваа Одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Претседател на УО на
СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес

**Марјан Стојановски**

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

Скенирано со CamScanner